## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зошто наскоро почнуваме со продолжението на седницата.

Продолжуваме со работа по 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Петар Поп Арсов, Панче Дамески, Али Ахменти, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Џеват Адеми, Теута Арифи, Горан Мисовски, Арбен Џафери, Менфух Тачи, Љубчо Георгиевски, Фијат Цановски, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Неждет Мустафа, Радмила Шекеринска, Данаил Дончев, Благородна Цветковска и Тале Герамитчиоски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Околу законот за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, би сакал да кажам некои наши видувања, бидејќи сепак се работи за една материја која што во иднина ќе биде многу важна за Република Македонија, а тоа е користењето на средствата од ИПА фондовите.

Мислам дека во Парламентот со текот на времето околу ова прашање ќе се отвораат се повеќе дебати.

Конкретниот закон се однесува на начинот на кој ќе се врши контрола, односно ревизија на трошењето на средствата од оваа програма. Владата предлага едно свое решение во кое што телото кое што ќе врши контрола или ревизија на трошењето на средствата од ИПА програмата или фондовите ќе биде во рамките на Државниот завод за ревизија како посебно тело кое што е комплентно независно од структурата на Државниот завод за ревизија или од раководната структура. Значи, ќе си има посебен раководител ова тела во рамките на Државниот завод за ревизија и ќе одговара на посебен раководител кој што на предлог на директорот на Државниот завод за ревизија ќе го именува Владата на Република Македонија.

Со оглед на тоа дека користењето на овие средства е многу значајно за Република Македонија и добро е што Република Македонија ќе може да ги користи сите компоненти со оглед на статусот што го има како земја кандидат. Се работи за значајни средства, а од она што го гледаме околку дебатите што се отвораат, што читаме по интернет многу битна е како овие средства и ќе се испланираат, но и ќе се потрошат и на крајот најбитна е и контролата на истите бидејќи може да се случи доколку во некои делови трошењето на овие средства не е наменски, или така проценат одговорните од Европската комисија може да се случи дел од парите да се враќаат. Затоа многу важен институт е, или многу битно прашање е на кој начин ќе се врши контролата на трошењето на овие средства.

Сметаме дека онака како што предложила Владата во законот можеби толку независноста на ова тело и не е толку голема со оглед на тоа што пред се раководителот на телото ќе го именува Владата.

Значи, не се остава директно директорот на Државниот завод за ревизија да го именува дирекоторот, а знаеме дека најголем дел од средствата ќе се користат преку министерствата на Владата освен оние за земјоделие кои што ќе одат преку посебна агенција.

Сметаме дека можеби подобро решение ќе беше самиот Државен завод за ревизија да се оставеше во рамките на своите надлежности, да формираше ваков сектор или одделение во рамките на својата структура и преку него да се вршење контролата. Вака се оставаат неколку отоворени прашања, па би го замолил заменикот на министер доколку сака да одговори на дел од нив.

На кој начин точно ќе се врши соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и раководителот на ова ревизорско тело, односно дали тие ќе бидат рамнопарвни во своите функции и дали на некој начин раководителот ќе може да носи одлуки и да работи независно, комплетно од директорот на Државниот завод за ревизија.

Втората работа што ме интересира е тоа што во рамките на ова ревизорско тело ќе бидат ангажирани државни ревизори од Државниот завод за ревизија, дали Владата има проценка дали во рамките на Државниот завод за ревизија има доволен стручен кадар и бројчано, но и со својата стручност да може да ги задоволи барањата на ова ревизорско тело и дали доколку дел од овие вработени се ангажираат во раките на ревизорските извештаи за користењето на фондовите од Европската унија тоа нема да се одрази на работата на Државниот завод за ревизија.

Тоа е наброено во законот многу општо, без некои конкретни објаснувања и заменикот на министер во своето излагање не даде доволно објаснување, значи ќе бидат ангажирани државни

ревизори од вработени во Државниот завод за ревизија. Овие државни ревизори за својата работа ќе добиваат надополнување на платата со истплата на месечни парични награди поради посебните услови и посебната одговорност која произлегува од работното место согласно член 27-б од овој закон. Колкави се овие...

Господине претседателе, ве молам ако може да се сослушаме.

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвончето).

Колкави ќе бидат овие надоместоци, дали тоа е утврдено и ќе се утврди дополнително. Раководителот ќе го има ли тоа овластување сам да решава и колку планира Владата да бидат финансиските импликации по Буџетот по донесувањето на овој закон.

Мислам дека тие неколку прашања потребно е да се одговорат од страна на заменикот на минситер, инаку го подржуваме донесувањето на овој закон, но сметаме дека начинот на кој што се предлага независноста на оваа институција е малку дискутабилен со оглед на тоа што раководителот на ревизорското тело ќе го определува Владата, иако на предлог на Државниот завод за ревизија и многу не е јасна работата колкав ќе биде бројот на вработените, колкави надоместоци ќе имаат, дали има доволен број на вработени во Државниот завод за ревизија, дали ќе се вработуваат нови и како ќе се решава ова прашање и на крајот кои се финансиските импликации по Буџетот на Република Македонија со формирањето на ова ревизорско тело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господне Зашов реплика или збор? (Збор)

Има збор господин Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Благодарам претседателе.

Би сакал да го изразам задоволството што еден ваков предлог за донесување на закон е доставен до Собранието на Република Македонија. Овој предлог за донесување на закон беше разгледан на комисиите, на Законодавно-правна комисија и разговаравме за одделните членови и потребата од донесување и по тие дискусии овој пат сакам само да поставам прашање до претставникот на Владата дали ова решение што е најдено во рамките на Државниот завод за ревизија да биде вклопено ова тело за контрола на трошењето на ИПА фондовите е договорено со органите на Европската унија во Скопје односно во Брисел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Како дополнување би сакал да кажам дека во Република Македонија претстојуваше претставник на Европската комисија во Државниот завод за ревизија и тој учествуваше во измените и дополнувањата на овој закон, така да овој е во целосно усогласен со барањата на Европската унија, со барањата на Брисел.

Вака бараа, се усогласивме, Државниот завод за ревизија располага со најстручните лица од оваа област во Македонија, така да лицата ќе бидат максимално стручни за извршување на задачита што им е поставена.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

Ги молам службите да достават точен број на прусутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата затоа што треба да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Уште еднаш ги поканувам пратеници, кои што сеуште не влегле во салата, да влезат во салата да ги заземат своите места, зошто треба да гласаме.

Ги молам пратениците кои сеуште не се влезени во слата да влезат и да ги заземат своите места.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на пратеници присутни во салата).

Бидејки имаме доволен број пратеници, преминуваме на гласање.

На Собранието му предлагам да го усвоиме следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласале 59, за гласале 57, воздржано 1, против 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресо тпо текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за земјоделство и рурален развој.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворм претрес по текстот на Предлоготна законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 4; член 5 став 1; член 5 став 2 за додавање нова 4 по алинејата 3; член 10 став 10 алинеи 2, 3 и 5; член 10 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 16 за менување на став 2; член 29 алинеја 2; член 30 за менување на став 3; член 42 и на член 44 став 4 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се прекличија пратениците Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Змандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Вториов амандман се прифаќа, се работи за скратување на годините.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и вториот амандман.

Според тоа текстот на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете имате збор.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Околу овој амандман што го иамм поднесено јас и колегите, амандманот се однесува, односно бараме Владата  најмалку еднаш годишно да го известува Собранието за спроведување на Националната стратегија.

Минатиот пат, кога овој Предлог на закон беше во прва фаза, зборувавме и дадовме некои сугестии токму за овој член 5, за кој што немавме забелешки, бидејки како што беше даден мислевме дека е добар.

Меѓутоа, со Предлогот на законот што во втора фаза го добивме, испуштено е Владата најмалку еднаш годишно да дава извештај до Собранието на Република Македонија. Бидејки се работи за една програма што би требало, според нас Собранието односно ние пратениците да бидеме еднаш годишно известувани за оваа програма, поради тоа го предложивме амандманот.

Не знам од кои причини, кога го поднесував овој амандман, имав во предвид дека во првата фаза тоа беше предложено од Министерството, а во втората фаза е исфрлен ставот 3 на членот 5. Се водев од тоа само да го надополнам, односно да поднесам амандман што ќе значи дополнување односно амандман што е ист со членот 5 од првата фаза. Нема ништо ново и не знам од кои причини Владата односно Министерството за земјоделие го има отфрлено овој извештај што треба да го дава, односно да бидеме ние известени во Собранието на Република Македонија.

Од тие причини, да заклучам, го поднесовме амандманот. Ќе повторам уште еднаш, мислиме дека Собранието треба да биде информирано еднаш годишно за спроведување на Националната програма, а втората причина е, почитуван министре, бидејки во првата фаза го имавте, а сега е отфрлено. Само поради овие две причини го поднесовме овој амандман и мислам дека не ќе беше ништо лошо ако се прифатеше амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Очекував дека министерот ќе го прифати и овој амандман што го поднесовме група пратеници од СДС, затоа што министерот го прифати претходно поднесениот амандман на член 4, повторно од истата група пратеници.

Ако земјоделието е важна стопанска гранка за Република Македонија од која што егзистираат еднатретина од граѓаните во Република Македонија и ако веќе прифативме Национална

стратегија да донесува Собранието како важно за руралниот развој, како важна облст за Република Македонија, сметам дека министерот за земјоделство требаше да го прифати овој амандман со што ќе се овозможеше еднаш во годината да се известува Собранието на Република Македонија за имплементацијата или тоа што е направено...

Претседателе, информирана сум дека нема тон на преносот.

Баравме со овој амандман Собранието на Република Македонија да расправа по имплементацијата на Националната програма за претходната година во Република Македонија.

Овој амандман требаШе да биде прифатен, па очекувам пратениците од парламентарното мнозинство, да го подржат, затоа што сметаме дека е реален и дека е потребен во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 47 пратеници.

Според тоа, амандманот не е прифатен.

Но, молам службите да достават точен број на пратеници во салата, сооглед на тоа што малкумина гласале.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Предлагам да го повториме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3 алинеи 2, 3 и 5, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа и би дал образложение зошто.

Владата, на предлог на министерот формира Совет за земјоделски и рурален развој. Фактички, овој Совет дава мислење од областа на земјоделството и руралниот развој, особено за Националната стратегија и националните програми, предложени како значајни прописи и меѓународните договори, одделни проекти и за други прашања од областа на земјоделството и руралниот развој.

Советот е сочинет од 11 членови, при што 3 од здуженијата од областа на земјоделието, 3 члена од стопански комори, 3 од научно образовни институции, 1 од здуженија на потрошувачи и 1 од ЗЕЛС. Функцијата на овој Совет е доближување на сите активности што ги презема и ќе ги преземе Министерството за земјоделие и советување со сите оние институции кои се релевантни или кои ќе ги почувствуваат придобивкит еод тие промени во областа на земјоделието.

Така што бројката или членството во тој Национален совет, таму нека гласање, нема надгласување за да може да се дискутира околу сето она што се донесува. Затоа што работата на тој Совет ќе се базира на доброволна основа за да може за прв пат Министерството за земјоделие своите постапки ги координира или се консултира за мислење со другите исннтитуции, другите здруженија, како што напомнав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете имате збор.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, го сослушав министерот околу образложението, зошто не е прифатен овој амандман, иако тоа го знае и во некоја претходна фаза кога сме дискутирале, односно кога сме расправале по овој закон и на Комисијата кога беше во прва фаза и еве сега во втора фаза. Образложението беше и тогаш и сега исто, иако пред неколку месеци реагиравме дека овој совет кој е составен, како што кажа министерот, од 11 членови, треба да биде според нас изменет составот на советот кој што ќе дава мислење како што рече министерот, околу националната стратегија и националните програми, а предложени позначајни прописи и меѓународни договори за одделни проекти и тн.

Почитуван министре, иако така е во членот дадено, односно во членот 10, дека овој совет ќе дава мислење, тоа ние го знаеме, но сепак, според нас мислиме дека требаше да дојде до измена на овој совет, без разлика што само ќе дава мислење, но сепак, мислењето некогаш вреди повеќе од некоја професионална работа која што ја обавуваат некои совети, некои тела и тн. Вие имате дадено три члена од стопанските комори, три члена од образовните институции и еден член од Здружението на потрошувачи и еден член од Здружението на единиците на локалната самоуправа. Без разлика, како што рековте ова тело е неплатено тело, односно, тело кое што ќе дава само мислење, сепак мислиме дека треба да се даде поголем акцент на локалната самоуправа и не случајно овде даваме предлог, членовите од здружението на единиците на локална самоуправа да се зголемат на три, односно од еден на три, иако не го нарушуваме бројот на членовите во ова тело, сепак, имаме повторно 11 членови и значи ги зголемуваме членовите од локалната

самоуправа од еден на три, а ги намалуваме другите членови од областа на стопанските комори, на образовните институции. Сепак, оставаме членови во овие тела, ова тело од сите институции кои што ќе даваат свое мислење и свои стручни согледувања околу руралниот развој и развојот на земјоделието, но сепак, ќе потенцирам почитуван министре, според нас, бидејќи се работи за финансирање, за планирање, за акти, кои што треба понатаму да ги пренесеме, значи ова тело да даде мислење најмногу во земјоделието и руралниот развој, сепак, затоа ние најголем акцент даваме овде на локалната самоуправа, односно зголемување на овој член од еден да биде на три.

Една од замерките, иако немаме реагирано, односно немаме поднесено амандман, или немаме измена, значи три члена во Здружението, тоа е добро според нас, но сепак, јас лично имам едно размислување за Здружението од областа на земјоделството. Ние ги знаеме овие здруженија, но сепак мислам дека и овде треба да се обрне внимание, бидејќи имаме доста здруженија, кои што имаат големо влијание, некои се со повеќе членови, здруженија кои што можат да дадат и нивните членови да бидат во овој совет и да дадат добри препораки, добри мислења, стручна обработка на сето тоа што треба да го обработат, но замерката е овде што, јас тоа го кажувам според мене, поради тоа што имаме повеќе здруженија и затоа требаше да се потенцира, или да се даде некој додаток на оваа алинеја, дека треба да бидат од тие и тие здруженија, или здруженија со тој и тој капацитет.

Инаку, амандманот што го поднесовме, по трет пат ќе кажам дека даваме предност на локалната самоуправа, бидејќи членовите кои што треба да бидат во овој совет, кога ќе бидат повеќе од локалната самоуправа, според мое мислење, според наше мислење е дека овие членови најдобро ја познаваат проблематиката, најдобро знаат како треба и што треба во општините за развој на земјоделието и членови кои доаѓаат од руралните средини, за сметка на некои други, односно на членовите кои што се предложени во овој совет од други гранки. Не велиме дека овие се нестручни, затоа ние со овој амандман оставаме по два члена од таму каде што имаме по три, заради овие стручни мислења од научните и образовните институции, од стопанските комори и здруженијата од областа на земјоделието. Значи, се е застапено, само се зголемени членовите од локалната самоуправа, што според нас, од СДСМ многу пати до сега во дискусиите сме истакнувале дека треба да се даде акцент на локалната самоуправа, да се изврши една децентрализација на власта и затоа велиме имаме децентрализација на локалната самоуправа, но сепак, не само со овој закон, иако замерката не ни е толку голема, но сепак мислам дека покрај овие два амандмана, кои што на почетокот ги прифативте, според мое мислење овој амандман исто така можеше да се прифати, бидејќи немаше да имаме Бог знае колку големо разрешување на овој совет.

Затоа, апелирам до колегите пратеници од парламентарното мнозинство и политичките партии кои не членуваат во парламентарното мнозинство да дадат поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Што е идејата на овој амандман? Со овој амандман ние не го менуваме бројот на членовите на Советот за земјоделство и рурален развој, туку ја менуваме структурата на овој совет. Сега, за да и биде појасно на јавноста, Советот за земјоделство и рурален развој има значајна надлежност во руралниот развој на Република Македонија. Значи, дава мислење од областа на земјоделството и руралниот развој, особено за националната програма која што ја донесува Владата, предлага позначајни прописи, кај кого ќе се менаџира или ќе се менува или ќе се унапредува руралниот развој во Република Македонија и меѓународни договори. Значи, сга претпоставувам за мене малку не е јасна одредбата, јас давам мислење, или што предлага. Склучување на меѓународни договори, одделни проекти, што ќе прави, не ми е јасно по тие одделни проекти и за други прашања од областа на земјоделството и руралниот развој. Значи, широки овластувања.

Советот за земјоделство и рурален развој, неговата структура е следна. Три члена од здружение од областа на земјоделството и тоа е во ред. Три члена од стопански комори, три члена од научно образовни институции, еден член од Здружение на потрошувачи и еден член од Здружение на единици на локална самоуправа. Сега ние што бараме со овој амандман? Да се намали бројот на претставници во Советот на земјоделство и рурален развој од стопанските комири од три на два, да се намали бројот на членови од образовните институции од три на два, да се зголеми бројот на членови на Советот на земјоделство и рурален развој од претставници од единиците на локалната самоуправа. Зошто? Не заради тоа што не ги цениме стопанските комори, туку дека сметаме дека доволно ќе бидат претставени и ќе ги застапуваат интересите на стопанските комори, исто толку и двајца претставници во Советот на земјоделието. Не дека не ги цениме научно образовните институции, туку сметаме дека доволно се и двајца претставници од научно образвните институции да ги пренесат мислењата по одредни прашањеа кои што ќе бидат во надлежност на Советот за земјоделство и рурален развој. Но сметаме дека еден претставник само од единиците на локална самоуправа е многу малку и затоа, или а го зголемиме бројот на членовите на советот, кој што како што кажа министерот, нема одлучувачка

надлежност, значи нема да одлучува. Тој ќе креира состојба. Или да го зголемиме бројот на членовите на Советот за рурален развој, со кој што ќе обезбедиме зголемено учество на претставници на единиците на локална самоуправа на здружението, или пак да го оставиме како ние што сме направиле со овој амандман, да ја оставиме оваа бројка, со тоа што ќе одземеме од овие субјекти претходно што кажав, за сметка на единиците на локална самоурпава. Зошто го поднесовме овој амандман? Зошто бараме зголемено учество во Советот на земјоделство и рурален развој на единиците на локална самоуправа. Затоа што, самиот предлагач на закон со предлагањето на еден член смета дека овој совет мора да има претставници од единиците на локална самоуправа. Ако таков е ставот, значи неспорно е мислењето дека мора да има претставник и треба да има.

Јас мислам дека еден претставник е многу малку, затоа што во заедницата на локалната самоуправа таа е на локални самоуправи кои се претставени и од позицијата и од опозицијата, затоа што таму членуваат советите и градоначалникот. Ако имаме предвид дека сите оние решенија кои што се однесуваат на одлучувањето, на актите се дадени и концентрирани или во Владата, или во Министерството, бидејќи советот не донесува одлуки, дајте да го зголемиме учеството на претставниците во овој совет на едниците на заедниците за локална самоуправа и уште од една друга причина. Нема да имаме глобален развој на државата, ако немаме локален развој.атоа и го правиме овој. А претставниците на локалнте заедници на единиците, многу подобро знаат од претставниците на централната власт што треба да се направи во одредено подрачје на рурален развој во државата. Затоа мислев дека ќе се договориме со министерот околу ова прашање, затоа што е многу значајно. Ние поднесовме, можеби требаше да поднесеме и алтернативен амандман, со кој што немаше да одземеме по еден член од овие субјекти кои што се стопански комори и образовните институции, затоа што за мене се многу важни, затоа што тие ќе придонесуваат многу вор аботата на Советот за земјоделство и рурален развој, туку можеби требаше да пднесеме еден алтернативен амандман со кој што ќе го зголемевме бројот на членовите на Советот за земјоделство и ќе обезбедиме зголемео учество на претставниците на единиците на локална самоуправа. Но мислам дека, требаше министерот да го прифати, затоа што и вака подобро ќе функционираше, отколку сега кко што е оставено во законот структурата. Затоа што ќе се соочиме со многу зголемено присуство на државен интервенционизам во оваа сфера. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Илија Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Воопшто немав намера да дискутирам по овој амандман, поради тоа што според мене овој амандман е еден од низата амандмани кои што постојат само за да бидат амандмани, меѓутоа, поради тоа што се одолговлече дискусијата, би сакал да го кажам и моето сопствено мислење во врска со предложениот амандман.

Би почнал од она што последно го кажа колешката Иванова за намалување или зголемување на државниот интервенционирам. Ако внимателно ги погледнете претходните алинеи, значи нема ниту еден претрставник од државен орган предвиден да членува во Советот за земјоделство и рурален развој Јас не знам како го перцепирате државниот интервенционизам. Меѓутоа, Здружението од областа на земјоделието на стопанските комори, научните и образовни институции и здруженијата на потрошувачи не претставуваат државни органи. Единствен орган на власт кој што е предвиден да постои се практично претставниците на Здружението на единици на локална самоуправа. Ако го зголемиме бројот на претставници на здруженијата на единиците на локална самоуправа, така ќе го зголемиме политичкиот интервенционизам во Советот за земјоделство, кој што апсолутно нема улога да биде орган кој што ќе трпи политизација.

Како јас го разбирам овој член од законот. Советот дава мислење по националната стратегија, по националните програми, по зконите и тн. Многу е битно да има ретставници од сите сегменти на општеството кои што ги тангира оваа проблематика. Прашањето дали ќе бидат три, два или еден, два, седум или било колку прашање е на проценка. Зошто го велам ова? Три члена од научно-образовни институции колешке Иванова велите дека се многу, а два дека се доволно. Како можеме да го оцениме тоа? Ќе ставиме еден ветеринар, ќе ставиме еден експерт по ратарство и остануват уште неколку области непокриени. Значи не можеме да оцениме дали и три се доволно. Вака проценило Министерството од единиците на локална самоуправа, велите малку е еден. Јас ќе ви речам и пет да предложите се малку. Зошто? Во Македонија има барем десетина специфични земјоделски подрачја кои што имаат свои специфики во Малешевијата е една проблематика, Пијанецот е друга проблематика, Кочанско-Виничкиот регион е трета проблематика. Овчеполието е четврта проблематика, Велешката котлина е петта проблематика и тн. Значи, амандманот нема суштина, нема содржина и се предлага само колку да постои како амандман.

И вториот аргумент е тоа дека ќе се зголеми политичкото влијание, ако се прифати амандманот, што мислам дека за една ваква област, не треба да го имаме како цел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова. Вашата минута госпоѓо Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас мислам дека ако одиме по логиката на господинот Димовски треба никој овде да не поднесе амандман, затоа што се што е поднесено од Владата е одлично и ништо не треба да се менува. И тогаш нема потреба да постои институцијата амандман. Тоа што секогаш сака да ја тера на политика, дури и за рурален развој, јас не знам, по се изгледа е негова потреба, јас не чувствувам таква потреба, туку сакам со своето присуство и заради тоа сум тука избрана од граѓаните на изборна единица 4 да искажувам мои мислења и нивни мислења како да ги подобриме законските решенија. Во ниеден момент јас не кажав дека не треба претставници од стопанските комири и од образовните институции. Тоа така од негови потреби сака да ги извади од контекст. Јас кажав дека можеби требаше да поднесеме и алтернативен амандман, но не го направивме тоа. А дека навистина е тоа како јас што го елаборирам, јас не знам, нека види неколку решенија, не знам дали ги видел господинот Димовски неколкуте решенија околу донесувањето на националната програма за земјоделие, околу националниот комитет, околу советот, кој ги формира и како, па ќе му биде јасна мојата дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам.

Сега за збор се јави господин Марјанчо Николов.

Повелете господине Николов имате збор.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министре,

Би сакал да изразам својата подршка на амандманот. Не се сложувам со дискусиите дека овој амандман, го предлагаме колку за амандман. Ако гледаме така мислам дека за многу работи се прават само формално. Многу помалку внимание посветуваме на суштината, односно на начинот на кој ќе се спроведуваат сите одлуки кои што се носат во државата и тука е главниот проблем.

Но, конкретно околу членот 10, мислам дека амандманот е многу издржан и дека би требало Министерството за земјоделство како предлагач на законот или Владата на Република Македонија да сфати дека колку повеќе гради партнерски односи со единиците на локалната самоуправа толку е поголема шансата да успеат сите проекти законски кои што ги носат.

Околу составот на Советот за земјоделство и рурален развој се предлага да остане бројот ист, да се зголеми бројот на претставниците на здруженијата на единиците на локалната самоуправа. И при тоа тука се кажа дека не е суштински, дека е многу битно да им од научи и образовни институции итн, бидејќи тие повеќе ја знаеле проблематиката. Но, ако земеме во предвид дека при подготвувањето на Националната стратегија и на Националната програма за земјоделство и рурален развој во најголем дел веројатно ќе ја прават стручњаци од оваа област и тука тие ќе си ја завршат својата работа. Веројатно дека во Советот кој ќе дава мислење треба да има што повеќе луѓе кои практично се соочуваат со оваа проблематика на терен и кои што ќе треба да се спроведуваат и Националната стратегија и Националната програма па и Законот за земјоделство и рурален развој. Во таа смисла колку ова тело има повеќе луѓе кои практично на некој начин треба да ги спроведуваат овие документи толку ќе биде поголема ефикасноста и на Националата стратегија и на Националната програма. Од друга страна во членот 29, 30 и 31директно има ставено одредби со кои се даваат надлежности на единиците на локалната самоуправа. Значи во една од одредбите во членот 29 алинеја 3, стои подобрување на условите за работа и животните услови на населението во руралните подрачја, подобрување на инфрастуктурната опременост и на животните и работните услови да се надлежност директно од доменот на локалната самоуправа. Во членот 30, единиците на локалнат самоуправа, подобрување на управувањето со единиците на локалната самоуправа и подобрување на локалниот економски развој. Сега, дали Министерството за земјоделство се меша во надлежностите на единиците на локална самоуправа или треба партнерски однос да се изгради тука. Имаме уште една одредба од законот каде што директно се поклопуваат надлежностите и затоа е битно Советот да дава практични решенија при Националната стратегија. Тоа е документ и трпи јавни расправи, усвојување од страна на Собранието итн. Дури, и кај државната помош во земјоделството е предвидено единиците на локална самоуправа во членот 31, доколку имаат можности да даваат помош. Значи амандманот е апсолутно издржан и е во согласност со одредбите од Законот каде што се бара дел од единиците на локална самоуправа да учествуваат во самото спроведување на Законот и другите документи кои произлегуваат од тоа. Не држат објаснувањата дека ова е амандман самно заради амандман. Навистина, генерална е забелешката на нашата партија дека колку поблиски односи и соработка се остварува меѓу Владата и единиците на локална самоуправа, толку е поголема шансата да успеат сите проекти.

Затоа, апелирам до колегите пратеници да го поддржат амандманот за да може да се подобри законското решение, а потоа да се подобри Националната стратегија во смисла на тоа да се предлагаат попрактични мерки кои ќе имаат поголеми ефекти на терен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Верица Филипова, повелете, имате збор госпоѓа Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван господин претседател, почитувани колеги пратеници и министер за земјоделство,

Амандманот го предложивме како резултат на многуте дискусии во првата фаза на законот во кои беше критикуван составот на Советот за земјоделство и рурален развој. Искрено да ви кажам, се надевав дека кога ќе ја добиеме втората верзија од Законот ќе биде корегиран составот на Советот. Меѓутоа, за жал, и покрај тоа што восите дискусии посебно од опозицијата провејуваше сомнеж за коректноста и за добросоставениот предложен совет за земјоделство и рурален развој, повторно е даден истиот предлог, повторно се планира Советот да го сочинуваат три члена од здруженија од областа на земјоделството, три члена од стопански комори, три члена од научни и образовни институции, еден член од здруженија на потрошувачи и само еден член од здружение на единици на локална самоуправа. Како ќе го развиваме земјоделството во Република Македонија посебно во руралните подрачја, кога ќе немаат руралните подрачја и општини никаков удел во Советот за земјоделство и рурален развој. Ако знаеме дека земјоделството во Македонија беше нашето минато, земјоделството во Македонија е нашата сегашност и нашата иднина. Ако знаеме дека во Македонија повеќе од 400 илјади луѓе се занимаваат со земјоделство, ако знаеме дека постојат некоку градови во Македонија, пред се Скопје и други поголеми градови, цела Македонија може да се прогласи за рурална земјоделска средина според стандардите на Европската унија и според Светските стандарди, ние планираме пак некој совет за земјоделство кој ќе биде тотално изолиран од земјоделците и тотално изолиран од руралните подрачја. Поради сето ова ни се создава голем сомнеж дека било што ќе се постигне. Впрочем, и целиот закон како што е напишан претставува всушност еден општ устав за земјоделството без конкретни предлози, со предлог единствен да се доработат скоро сите членови, да се донесат 150 до 200 нови подзаконски акти, кои ќе бидат дискреционо право на Владата и потоа ќе почнело да се развива земјоделството во Република Македонија. Сите се сеќавате на предизборната програма на владеачката партија на ВМРО ДПМНЕ колку се ветуваше на земјоделците и колку уште повеќе се манипулираше со земјоделците, со тутунарите. Да, господине министер, така беше, тоа беше финта на тогашната опозиција да добие гласови од најсиромашниот дел од македонскиот гласачки електорат и сега наместо да планирате во Советот за земјоделство и рурален развој да вметнете повеќе членови од руралните општини, наместо да вметнете повеќе од лично засегнатите членови, вие во Советот кој ќе го формира Владата на предлог на министерот, замислете, планирате три члена од здружението од областа на земјоделството, три члена од стопанските комори, три члена од научно образовните институции, еден член од здруженија на потрошувачи и само еден член од единици на локална самоуправа, а локалната самоуправа кажувате дека имала право да донесе сопствени мерки за поттик и помош на руралниот развој. Како, со кои апарати, на кој начин, тоа никаде не е третирано. Впрочем, и сите сме сведоци за иницијативата на едно семејство од руралните македонски подрачја кое предлага целиот свој имот, целото свое домаќинство, куќата во која живее и придружните објекти да ги ослободи и да ги даде на некои од македонските социјални случаи. Ние мислевме дека во овој Предлог закон и во измените, се разбира врз основа на претходните дебати и претходните конструктивни дискусии како од позицијата уште повеќе од опозицијата, ќе водите уште повеќе сметка за социјалните случаи кои ги има преку 75 илјади домаќинства во Македонија и ќе им дадете некакви бенефиции во овој закон за земјоделство и рурален развој, дека ќе планирате во руралните подрачја социјалните семејства, семејствата примателите на социјална помош да добијат бенефиции, да добијат земја бесплатно, да добијат механизација, да не бидат товар на државата туку да се овозможи да се стават во функција со државата сами да си обезбедуваат средства за живот, а не да чекаат да ги добијат тие 1700, 2000, 3000 денари социјална помош. Наместо тоа, и понатаму останува овој Предлог на закон за земјоделство и рурален развој далеку од реалните земјоделци, далеку од руралните подрачја, се да биде и да се креира во институциите и канцелариите на Министерството за земјделство, шумарство и водостопанство и Владата на Република Македонија. Впрочем, и стапувањето на сила на овој закон од 1.01.2008 година, кажува дека бегате од реалните проблеми, дека она што ветувавте останува за некоја иднина или можеби за некоја наредна Влада. Мислев дека летото ќе донесе поконструктивен предлог од страна на Министерството за земјоделство по овој текст на Законот, мислев дека изминатиот период од неколку месеци кој го имавте да го скроите и прекроите законот ќе добиеме некоја верзија усогласена или барем повеќе усогласена со европските директиви, но за жал ова е повторно само обид да се каже дека еве нешто сме направиле, дека законот е предложен од страна на Министерството без реални задирања во конструктивности и во суштината на проблемот.

Се надевав дека амандманот ќе биде прифатен од страна на господинот министер, меѓутоа, за жал и покрај сите ветувања, и покрај нашите претходни укажувања и покрај најдобрата намера такво нешто не се случи. Впрочем, во натамошната моја дискусија морам да цитирам дека и колегите пратеници од позицијата кои земаа активно учество во претходната фаза на овој закон, неколку пати напоменуваа дека во сферите на локалната самоуправа и во нивните ингеренции не било земјоделството, меѓутоа, поради оние 400 илјади луѓе кои на директен или

индиректен начин се занимаваат со земјоделство и обезбедуваат целосна или парцијална егзистенција токму со своите активности во земјоделскиот сектор, ценеле дека мора да се дадат повисоки овластувања, повисоки можности за локалната самоуправа. Покрај сетоа тоа, добивме закон со кој хаосот во земјоделието ќе биде уште повеќе изразен, впрочем, сведоци сме деновиве на хаос во енергетика, хаос во здравство, хаос во образование, па зошто да нема и во земјоделството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Претседателе, последен сум, нека се смета дека сум пријавен за збор, ама веројатно би зборувал помалку од три минути.

**Љубиша Георгиевски:** Ако барате збор, тогаш повелете, имате збор.

**Илија Димовски:** Да потсетам на неколку работи, за да укажам дека дискусијата која денес се води за пратениците на опозицијата е исклучиво политиканска.

Прво, 2004 година беше годината во која требаше да се донесе овој закон во време на владеење на СДСМ. Зошто не се донесе во 2004 година треба веројатно да одговори некој од претходните министри за земјоделство, кои беа високо стручни за земјоделството. Да потсетам, министри за земјоделство беа господата Садула Дураку и мојот сограѓанин господинот Славко Петров. Веројатно штета е што денес не се присутни тука да ни дадат објаснување зошто се доцнело со донесувањето на Законот за земјоделство и рурален развој. Јас би сакал да поздравам тоа што Законот за земјодлество и рурален развој е еден од приоритетните закони кој Владата на Република Македонија го достави и до Собранието на Република Македонија и од нас, од Собранието треба да биде адекватен на тоа, поради тоа што овој закон навистина ќе претставува устав за земјоделството во Република Македонија и со овој закон се регулираат сите дејности, начини на утврдување на цени, државна помош итн., и во поглед на земјоделството. Значи, нема да оставиме министрите по сопствено видување да доделуваат земјиште под рака, нема да дозволиме министрите по сопствено видување да доделаат субвенции под рака, како што беше искуството во претходниот период, туку ги ставаме работите во рамка и ги ограничуваме дури и нашите вршители на високи функции да дејствуваат надвор од таа рамка, мора да има прецизни правила на игра онакви какви што ги немаше до сега, и онакви какви што СДСМ не сакаше да ги донесе во претходниот мандат до 2006 година.

Би сакал да негирам неколку работи кои што беа кажани во досегашната дискусија, а тоа е:

Прво, земјоделството не може да се развива врз база на политичка припадност. Земјоделци во Република Македонија има и вмровци и сдсмовци, има и од други партии, а најголемиот дел не се ниту за една партија, не се во ниту една партија.

Затоа, ние не смееме да дозволиме зголемување на влијанието на политичките партии токму во овој совет за земјоделство и рурален развој. Со што ќе го подобриме земјоделството во Република Македонија ако во овој совет го ставиме Панчо Минов, со тоа што ќе ни објасни како се допишуваат патни трошоци? Со што ќе го подобриме земјоделството ако го ставиме Ацо Петровски во овој совет за земјоделски развој, со тоа што ќе ни објасни дека хеликоптери треба да купуваат општините во Република Македонија? Нема на тој начин да го подобриме земјоделството господа. Во овој совет за земјоделство и рурален развој мора да членуваат високо стручни и способни луѓе. Вие предлагате да се намали бројот на претставници на научните и образовните институции, значи велите во Советот за земјоделство и рурален развој во Република Македонија не треба да членуваат професори од факултетите, Земјоделскиот факултет, Ветеринарниот факултет, Шумарскиот факултет, на крајот на краиштата. Тоа е банална работа. А на сметка на тоа треба да ставиме партиски луѓе како Ацо Петрески или како Панчо Минов. Не оди таа работа, едноставно нема логика амандманот.

Со овој совет за земјоделство и рурален развој нема оперативна улога, овој совет дава мислења за националната стратегија и за националните програми. Тука повторно ќе потенцирам, треба високо стручни кадри кои знаат што работат, а претставници на земјоделците, на оние луѓе кои што секојдневно се занимаваат со земјоделство има прдвидено во првата алинеја на ставот 3, каде што вели дека во Советот за земјоделство и рурален развој има три члена од здруженијата од областа на земјоделството. Значи опфатот на луѓе кои што работат со земјоделство е на највисоко ниво од сите предложени. Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете вашите три минути.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Искрено да ви кажам, јас не знам како како опозиција да разговарам. Кога конструктивно дебатираме за важни закони викате не треба да разговарате. Кога политички дискутираме викате дека не треба да разговараме. По логиката на господинот Димовски ние не треба ни да постоиме.

Прашува што работел СДСМ во својот мандат. Господине Димовски, донесовме кандидатски статус на Република Македонија, за кој што вие може да сонувате такво нешто да напрвите. Ќе видиме, ќе почекаме, ќе видиме што ќе сработите и вие.

Сме обезбедиле мир, стабилност и безбедност, да не се пука по улици, што не е сега случај.

Господине Илија Димовски, како се делела земјата за време на СДСМ, си ја понесе СДСМ одговорноста за време на изборите.

Како се дели сега земјата прашајте ги луѓето од Свети Николе, луѓето од Прилеп, луѓето од сите оние општини каде што имаше распишано оглас за поделба на земјата. Како се надоместува штетата господине Илија Димовски, не живејте во затворен свет овде, како во стаклено ѕвоно, излезете малку и одете во Кривогаштани прашајте како се поделени штетите, одите во Струмица прашајте дали, затоа што градоначалникот е од СДСМ, добиле од поплавите и невремето граѓаните и земјоделците од Просениково, од Пиперово надомест на штета и ќе ви стане јасно дека сето ова што го зборувате ама навистина не држи. Ама, нема што да се прави, останува вие да си зборувате, а ние ќе ја кажуваме вистината на граѓаните.

И уште еднаш, господине Илија Димовски јас многу ќе ве ценам ако еднаш барем поднесете еден амандман, како што ние поднесуваме, со кој што ќе барате промена на предложено решение од предлагачот за земјоделците, со кој што ќе го смените мислењето на предлагачот во корист на земјоделците. И дека е навистина овој амандман логичен господине Илија Димовски прочитајте го членот 30 каде што други мерки за рурален развој се таксативно наброени и ставот 3 вели: “средствата за мерките од став 2 на овој член се обезбедуваат од буџетите на единиците на локалната самоуправа”.

Зошто господине Илија Димовски чепкате во буџетите ако сметате дека единиците на локалната самоуправа не треба да учествуваат дури и во советодавните тела, а не во телата во кои што одлучуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Илија Димовски, една минута за вашата контрареплика.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Што работел СДСМ во својот мандат во поглед на земјоделието сите знаеме, а најдобро граѓаните на Република Македонија. И дали воопшто нешто работел за граѓаните на Република Македонија, ви го кажаа граѓаните одговорот, ќе ви го кажат и на ваквиот однос кој што го имате спрема работата во Собранието во првите наредни избори, кога и да бидат.

Прво, треба да дефинираме што е во корист на земјоделците. Дали е во корист на земјоделците да ставаме партиски градоначалници да членуваат во Советот за земјоделие и рурлен развој или треба да ставаме научни работници и претставници на здруженијата на земјоделците и претставници на стопанските комори на земјоделските производители. Вие сакате со амандманот да го зголемите бројот на градоначалници кои што ќе членуваат во Советот за земјоделие. Тоа не е начин, а за Кривогаштани можете да го прашате градоначалникот од СДСМ каква злоупотреба направил со помошта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ацо Киров повелете со вашата реплика.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се потрудам во овие три минути на колегата Димовски да му објаснам некои работи и да го дематнирам. '

Иако еден дел од неговата дискусија и во репликата на колешката Цветанка Иванова повеќе популистички делуваше колага Димовски вие кажавте на почеток на вашата дискусија дека претходната Влада можела овој закон да го донесе многу, многу поодамна, или некаде 2004-2205 година, според вашето кажување, но јас ќе ве потсетам дека овој закон е предвиден односно Предлогот на законот за земјоделство и рурален развој да се заврши некаде во 2007 година, бидејќи му претходат многу закони од сферата на земјоделите кои што треба да се донесат и кои што ги донесовме. Тоа е една работа.

Не знам зошто толку се држите на тоа, во претходната дискусија со колешкат Цветанка Иванова дека градоначалниците треба да членуваат во овој Совет, во кој што ние бараме да се изменат членовите.

Јас мислам дека со овој амандман не ги деларвираме другите институции од Стопанската комора, од здуржението. Ние предлагаме да останат по два члена и да се зголемат членовите кои што ќе ги даде локалната самоуправа, а не градоначалниците. Вие со вашата дискусија ги девалвирате стручњаците кои што доаѓаат од локалната самоуправа и самата локална самоуправа. Ние и вие во Велес, во Босилово, Струмица, секаде имаме добри стручњаци кои што произлегуваат од локалната самоуправа и слободно можат да учествуваат или да бидат членови на овој Совет. Упорно се држите и во вашиот говор и во репликата на колешката Цветанка Иванова градоначалниците. Па и во краен случај нека бидат членови од друга партија, затоа што овие членови јас се сомневам дека ќе бидат независно членови. И од Стопанска комора, и од здружение, јас знам какви здруженија имаме во Струмица како на ВМРО-ДПМНЕ и ако биде претседателот член на ова здружение знам каков е. Колку што вие не не сакате, тој повеќе не не сака. Такви се овие здруженија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Илија Димовски вашата минута за контрареплика.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Господине Киров, ние не сме тука да се сакаме или да не се сакаме. Ние сме тука да дебатираме и да доаѓаме до правилни решенија.

Овој закон за претходната Влада не било прашање дали можела или не можела, туку морала да го донесе во 2004 година. Тоа е според сите предвидени прописи што ги имаме. Тоа што не го донела ќе си поставите прашање

на вашите министри, господинот Славко Петров или господинот Садула Дураку зошто е така.

Прво, вие предлагате да се намалат од три на два претставниците на научнообразовните институции. Тоа е намалување на влијанието на стручниот кадар, а предлагате да се зголеми бројот на претставниците од ЗЕЛС каде што членуваат градоначалниците. Нема тука начин. Ги спомнавте Велес и Чашка, ниту во општина Велес, ниту во општина Чашка нема вработено земјоделски инжинери. Кој сакате, градежен ли инжинер да членува во Советот за земјоделство или сакате да дојде сообраќаен инжинер.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете вашите три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Слушајќи ја дискусијата и контрарепликата на колегата Димовски тој како да заборава дека 16 месеци веќе во Македонија ВМРО-ДПМНЕ не е опозиција, СДСМ е опозиција. Па, гледа народот што правите. Гледа како партизирате до последна пора во системот, се и сега ќе зборувате овде приказни. Па, и Европската унија ви кажа дека не бара од вас бланко ветување, бара конкретен напредок и зборовите да бидат претворени во конкретни дела. Доста веќе кажувавте приказни. Секој ден слушаме приказни, а ништо нема. Ни еден закон не е имплементиран, Законот за земјоделство и рурален развој ќе важи после година ипол и што понатаму. Сега градоначалниците биле партиски, па ние не предлагаме градоначалниците да бидат членови на Советот за земјоделие и рурален развој. Тоа го прочитавте вие, а сакате да ја залажувате јавноста, сакате повторно со приказни да кажувате нешто што не е точно, црното да го правите бело. Гледа народот, немојте ви се молам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Илија Димов вашата минута за контрареплика.

**Илија Димов:** Овој закон треба да стапи на сила на 1 јануари 2008 година што е за два месеци, не знам како колешката Филипова пресметале година ипол, меѓутоа да ја потсетам колешката Филипова, овие 16 месеци наместо 5 милиони евра субвенции кои што беа во Буџетот за менатата година, оваа година има 25 милиони евра субвенции. Наместо газењето и фрлањето на земјоделските примарни производи по улиците по Македонија оваа година благодарение на предвремената политика на Владата во смисла на обезбедување на пласман, можете да прошетате низ сите земјоделски стопанства, низ сите села во Република Македонија и да разговарате со луѓето дали им остана дома нешто непродадено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Марјанчо Николов, имате збор.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе.

Жал ми е што за еден амандман, кој што навистина имаше за цел да го подобри текстот на законот некои колеги ја искористија можноста и почнаа за се и сешто да зборуваат мислејќи дека со нашите дискусии ќе ги решиме сите проблеми во земјоделието и сега се измешаа и круши и јаболки и баби и жаби и некако заборавивме за што ја почнавме дискусијата односно конкретниот амандман.

Ценам дека ваквата работа на Парламентот не води кон ефикасност и мислам дека требаше да реагирате кога некои од дискутантите се одалечија од темата на разговор. Но, бидејќи влеговме во една таква прикаска или начин на работа би сакал и јас да кажам неколку работи.

Значи, упорно во Парламентот се форсира тезата или ставовите во недостиг на аргументи со кои што ќе се брани законот како вие правевте во минатото и зошто некои закони не биле донесени или мерки спроведени. И после 16 месеци ја слушаме истата приказна што за мене лично е само доказ дека Владата не може да понуди решение за проблемите.

Кога вие не дискутирате со аргументи, кога овде не настапувате со факти, кога на нашите дискусии главната одбрана е како вие правевте факти дека Владата не може да понуди нешто ново, ниту владеачкото мнозинство и на тој начин само уште повеќе ја покажува својата неспособност да се справи со проблемите на граѓаните.

(Некои пратеници дофрлуваат од место).

**Љубиша Георгиевски:** Не дофрлувајте ве молам.

**Марјанчо Николов:** Околу прашањето за политиката во земјоделието сведоци сме дека оваа Влада три пати го поништуваше тендерот за доделување на земјоделско земјиште се со цел дека не можеа да се договорат како партиски да го поделат земјиштето.

Во општина Градско јавно има објавено повик од општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ сите што сакаат да добијат земја да се обратат во нивнот комитет, се одеше од куќа на куќа, им се велеше на луѓето дојдете кај нас ние ќе ви дадеме земја. Каде е тука чесноста, транспарентноста и начинот на правилно водење на политиката.

За помошта, или за парите кои што ги предвидела оваа Влада свесни сме сите во каква ситуација се наоѓаат земјоделците. Не 50, не 70, туку 100 милиони евра во моментот се малку да се покријат штетите од лошата година. дли за сточна храна, дали за малите приноси, дали сега земјоделците имаат пари да почнат со наредната сеидба. Знае министерот кај него колку луѓе доаѓаат и што реагираат. Колку е нафтата, колку е сточната храна, колкуе семенскиот материјал. Ние сега зборуваме тука која Влада што правела. Дајте да бараме решение за проблемите. Можеме и до утре да седиме и меѓу себе да се обвинуваме како е лоша политиката во земјоделието, но Владата треба да понуди решение. Не сме ние тие што како од позиција

како опозиција да бараме решение. Ние сакаме да го подобриме текстот на законот. Не знам зошто од амандманска расправа расправата отиде во сосема други води, со која цел. Да докажеме како политиката се меша во земјоделието, па трпат земјоделците на крајот на краиштата. За распределбата во Свети Николско пет пати го блокираат патот Свети Николе - Штип, а зошто, затоа што беа задоволни од начинот на распределбата? И, пак не се реши прашањето. Во Велес, ако сакате ќе дискутираме конкретно со имиња и презимиња кој доби земјиште, ако веќе така сакате, но мислам дека таквата расправа не не води кон решавање на проблемите и апелирам уште еднаш амандманот да се прифати. Ниту, е интенцијата некои фактички градоначалници да се ставаат, ниту да се води некоја партиска политика. Едноставно ако Министерството планира да биде партнер со единиците на локалната самоуправа при спроведувањето на законот тогаш барем во Советот кој дава мислење по документите треба да се обезбеди поголемо учество на претставници на единиците на локалната самоуправа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Го прифаќам овој апел да се вратиме конкретно на амандманот, да не ја шириме дискусијата кон недоглед, во име на ефикасноста на нашата седница. Тоа е прво.

Второ. За збор се јави господинот министер.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Прво, би замолил пратеникот ако сака да дава некаква информација околу поделбата на земјиштето, прво да ја отвори веб-страната на Министерството каде што точно се наброени имињата на сите тие што земале земјиште. Тоа е прво.

Второ, да не дискутира за некаква поделба каде што не е завршена поделбата, затоа што имаше само оглас за земјоделското земјиште и земјоделското земјиште во тие региони не е поделено.

Трето, околу проблематиката за поделбата на земјиште во делот на Свети Николе би сакал и за тоа да дојде лично го поканувам, во нашето Министерство да му дадеме комплетен список, преглед за тоа како е поделено земјиштето, што биле проблемите и заедно со него да одиме на терен да видиме дали се уште има проблем, тој проблем го наследивме и успеавме да го решиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам дека господинот Марјанчо Николов има реплика на министерот. Повелете вашите три минути.

(Повеќе други пратеници се јавија за реплика)

Не, не, да ја завршиме дискусијата со министерот, па ќе се вратиме на барањето за реплика на господинот Јован Гинев во однос на излагањето на Марјанчо Николов. Да одиме по ред. Вие сте после господинот Марјанчо Николов. Вие госпоѓо Филипова исто така сте за реплика на излагањето на министерот.

Повелете вашите три минути господине Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Му благодарам на министерот за дискусијата и ја прифаќам поканата заедно да размениме искуства на кој начин се вршела распределбата на земјоделското земјиште и кој се, по кои основи добил земјоделско земјиште и да видиме дали е се така чесно како што вели министерот, или навистина има голема рака политиката, замешано прсти и при поделбата на земјоделското земјиште. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓа Филипова со вашата интервенција, три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Јас уште пред една година имав пратеничко прашање и реагирав, неколку пати контактирав со министерот околу поделбата на земјиштето за плодоуживање во Штипско, општина Кардинци каде претходната поделба беше оспорена поради тоа што без аргументи и покрај тоа што беа поминати сите законски рокови за жалби.

Образложението не го добивме конкретно и покрај тоа што неколку пати и писмено ни одговараа од Министерството за земјоделие, меѓутоа понатамошните настани покажаа дека интенцијата била да се изврши партиска распределба на земјиштето за плодоуживање.

Меѓутоа, сега би сакала да го запрашам министерот, да го искористам негово јавување и неговата добронамерност да учествува во денешната дискусија, мило ми е што е тоа така, законот кој е денес на дневен ред има вкупно 89 членови и ќе важи како таков од 1 јануари 2008 година. Меѓутоа, овој закон нема да може да се спроведе во пракса без подзаконските акти, а впрочем кој го читал внимателно, а наша задача како опозиција е внимателно и критички да го прочитаме секој член може да види дека во секој член се предвидува еден до два подзаконски акти кој ќе ја регулира таа проблематика. Минстерот кажа дека за овој закон се потребни 150 до 200 подзаконски акти. Кога ќе почне да важи овој закон и да се спроведува во пракса, дали по два три месеци или по 15-16 месеци. Или поточно моето прашање до министерот е кој е оптималниот рок Владата да донесе 150-200 подзаконски акти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има контрареплика господинот министер за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Во најголем дел тие подзаконски акти веќе се изработени, се чека долго време овој закон да помине на Собрание и да можеме тие подзаконски акти да ги дадеме на усвојување на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Јован Гинев има реплика на излагањето на господинот Марјанчо Николов.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Накратко ќе му реплицирам на колегата Николов кој изнесе невистини околу распределбата на земјиштето.

Прво, скршна од темата. Денеска не расправаме за Законот за земјоделско земјиште, туку за земјоделско земјиште и развој на руралните краишта.

Втора работа тој ја вметна партијата ВМРО-ДПМНЕ, ја злоупотреби говорницата да каже дека земјоделското земјиште се дели по партиски интервенции. Да напомнам дека и денеска, ова Министерство и оваа Влада имаат големи потешкотии заради нетранспарентното узурпирање на земјиштето на Република Македонија што е, прво, делено по партиска линија за времето на владеењето на СДС, воопштонеплаќање данок на државата за тоа земјиште и денеска не може и големи тешкотии ќе има Министерството за земјоделие со веќе узурпираното земјиште што е посадено со трајни насади лозови или овошни насади. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господин Марјанчо Николов со контра реплика, вашата минута, повелете.

**Мајранчо Николов:** Благодарам.

Колегата призна дека има пробелми во распределбата на земјоделското земјиште и дека има реални пробелми луѓето да стапат во владение на поделеното земјоделско земјиште, бидејки претходно веќе некој го узурпирал, а Министерството за земјодели бара да ја платат закупнината со која што конкурирале при добивањето на земјоделското земјиште. Тие, сеуште не влегле да го обработуваат земјоделското земјиште. Тоа значи дека треба Минисерството за земјоделие да им возможи на оние кои го добиле да стапат во владение, иако ги понудија д апотпишат договори со што правото, обврската за закуп почнува со потпишувањето. Тие мораа да го направат тоа, а сега имаат проблем како земјиштето да го земат во владение, да го обработуваат, да остварат принос и да ј аплатата закупнината А, не може да им се бара закупнина, а тие сеуште не почнале да го обработуваат земјоделското земјиште. Благодарам.

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам.

Госпоѓа иванова Цветанка се јави за збор, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Многу на кратко, сакам да ја изанализирам ситуацијата што се случи по повод овој амандман.

Често пати, со искрени намери поднесувајки амандмани да подобриме некој текст на некои закони, секогаш од страна на позицијата сме обвинети дек акочиме, дека одземаме  дел од драгоценото време во Собранието. Сега сакам само малку да ја вратам дискусијата односно да го вратам сеќавањето назад, кога почнавме да дебатираме околу овој амандман.

Целта на нашиов амандман беШе да обезбедиме зголемено учество на единицата н алокалната самоуправа во едно многу важно тело, тоа е Советот за земјоделство и рурален развој на Република Македонија. Затоа што Советот за земјоделство ируралeн развој има значајна надлежност. Затоа што локалната самоуправа има надлежност во руралниот економски односно локалниот економски развој. А, бидјеки во голем дел од единиците на локалната самоуправа ни се рурални, тоа значи дека ќе бидат единиците на локалната самоуправа надлежни и за руралниот развој.

Сега, наместо да се дебатира по решението што ние го предлагаме, а кога ги образложував моите аргументи зошто го поднесовме овој амандман, почувствував доза на одобрување на министерот кога предложив дека можеби ќе беше подобро да поднесеме алтернативен амандман. Но, очигледно дека никогаш позицијата и добрата намера не ни ја сфаќа.

И тогаш, еден пратеник се одлучи по амандманот да изнесе се и сешто. Што се правела претходната Влада, како ќе правела идната, ако е од опозицијата сега по дифолт не е добро и дека се оваа Влада што прави е добро, дека народот ќе оцени односно граѓаните ќе оценат.

Дајте да се позанимаваме со она што дебатираме денеска. Ние баравме нешто конкретно. А, од целокупната денешна дебата, народот ќе одлучи и навистина ќе оцени кој за што сака да дебатира. Ние ги кажавме своите аргументи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата зошто наскоро ќе треба да гласаме.

Ги  повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници  во салата.

(Службите доставуваатточен број на присутни пратеници во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 10 пратеници, воздржани нема, против 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров,

Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа затоа што не се потребни посебни финансиски средства за функционирање на овој Совет.

Едноставно, тоа е на доброволна основа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен од страна на Владата.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Дури сега не можам да сфатам како може Советот за земјоделство и рурален развој на доброволна основа? Ќе дава мислење за значајни области. Јас не барам извори на финансирање за надоместоци за работата, за ангажманот на членовите. Меѓутоа, потребно е за организација на Советот, за некаде да се соберат, потребно е минимум средства. И три денари да бидат, потребни се средства да се организира средбата на Советот, да дадеме мислење по Националната стратегија. Треба некаде да се состанат овие субјекти. Треба да дојдат и да дадат свое мислење. Вака, ако е на доброволна основа, тогаш не ми останува ништо освен да мислам дека нема да функционира Советот.

Инаку, се согласувам дека членовите на Советот треба да работат волонтерски. Но, мора да има средства за организирање на состаноци на Советот, а не за надоместок за нивната работа. Кажете го тоа во одредба дека нема да имаат право на надоместок за ангажманот, членовите на Советот, но и за функционирање на Советот, за организирање на средби ќе се финансира колку. Можеби ќе бидат минимум средства, можеби сто денари, можеби двеста, но ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија за да може Советот да ја извршува оваа важна функција.

Инаку, се согласувам членовите без надоместок да ја извршуваат оваа работа. Благодарам.

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам.

Збор има господинот министер за земјоделие.

Повелете господине министре.

**Ацо Спасеноски**: Советот фактички сега моментално функционир акако Агро совет. Тој неколку пати се состанува и членовите многу радо прифаќаат да учествуваат во работата на ваков совет, затоа што работите што се дискутираат на Агро советот се од нивен интерес. Преку овој Совет, фактички нивните мислења се гледаат. Инаку, тиес то денари се обезбедуваат од тековното работење на самото Министерство за земјоделство.

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Иванова Цветанка реплика, повелете.

**Цветанка Иванова:** И јас ве разбирам господине министер и вие ме разбирате.

Сепак членовите нека си работат радо и без надомест. Вие сепак признавте дека стоте денари за организација се средства од Министерството. А, Министерството се финансира од Буџетот.

Значи, треба да се каже дека треба да бидат средствата за работа на Советот од Буџетот. Не за надомест на работата на членовите на Советот. Тоа го сакаме ние. Извоирите на средствата. Затоа што низ целиот овој закон не видов одредба што упатува на кој начин ќе биде работата, не хонорарот на членовите, работата на Советот на кој начин ќе биде финансирано. Ако се остави вака може да се случи да не може, можеби ќе дојдат некои членови кои не ќе можат или Министерството можеби нема да сака од некои причини да се организира средба на Советот.

Мора да имаме извори на средства со што ќе се овозможи непречено функционирање, а не средства за надомест на работата на членовите на Советот. Инаку и ние се согласуваме членовите да не земаат хонорар туку волонтерски да ја обавуваат работата.

**Љубиша Геогргиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Божиновска вие побаравте реплика или збор?

Ако е збор, тогаш прв за збор е господин Ацо Киров, па вие, па госпоѓа Верица Филипова. Така е редоследот.

Повелете господине Киров, имате збор.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

После јавувањето на колешката Цветанка Иванов аиобразложението на министерот, уште ког аго одби амандманот и сега со последното јавување, искрено да кажам и не знам што би додал и што би кажал за овој амандман на образложението на министерот.

Совет од 11 членови, почитуван министре, ако овој Совет треба да дава мислење, да предлага стратегија за Националната стратегија, прописи за меѓународни договори и т.н., сепак е тоа едно тело што не е со таков низок ранг. Мое мислење е, убеден сум дека овој Совет не може да функционира без финансирање. Сега, вие, со колешката Цветанка Иванова дискутиравте за некои сто денари. Ние знаеме какви се овие сто денари. Сакате да кажете дека сепак ќе има некое финансирање на овие членови, но дека ќе биде минимално.

Почитуван министре,

Без разлика колку мали ќе бидат овие средства за овој Совет, сепак од некаде треба да се исплатат, односно да се обезбедат за Советот.

Амандманот не го поднесовме да овие 11 членови кога ќе се состанат да земат дневница, иако тоа не го знаевме се до вашето последно кажување сега, туку амандманот го поднесовме

од други причини. Го поднесовме од причини што сакаме да дадеме сигурност и да ја насочиме работата односно финансирањето од таму од каде што треба, а тоа е Буџетот на Република Македонија. За да не дојде утре или после некоја година, кога ќе се надополнува овој закон, овие средства за Советот што треба да се обезбедат да бидат на товар на други субјекти што ќе бидат оптоварени со овие парични средства. Како што знаеме имаме доста закони што сме ги донеле па

сега кога ги дополнуваме средствата за финансирање на одреденис овети или давање одредени мислења од одредени луѓе, институти и т.н., ги ставаме на товар на одредени физички лица, стопански субејкти и т.н.

Инаку, би кажал уште тоа по овој амандман дека, почитуван министре моето соменвање е најмногу околу, пример, еве ќе го земам со пример имаме три члена од Здружението од областа на земјоделието. Овие членови и од Стопанската комора и од локалната самоуправа и т.н., овие членови треба да дојдат да се состанат во Скопеј и да расправаат, да даваат мислења за Нациоанлната стратегија. Ови членови на доброволна база, на сопствен трошок, мислам дека тешко ќе одржат некоја седница. Ако има такви  ентузијасти во Република Македонија, да и бензинот од Струмица, Велес, Битола го платат од сопствениот џеб да учествуваат на овој Совет навистина треба да бидеме благодарни и дури тогаш ќе го сменам мислењето за граѓаните на Република Македонија, за еден дел, дека навистина имаме хумани луѓе кои сакаат да работат за државата, кои не сакаат никаов придонес, не сакаат дневница, не сакаат за бензин, не сакаат да си го наплаат времето што ќе го поминат.

Навистина министре, иако еден дел од дискусијата не ја слушавте ако навистина овој совет нема да биде финансиран, односно овие членови нема да земаат пари. Јас после дискусијата на колешката Божиновска Валентина и Верица Филипова, ако знам и ме убедат дека навистина така ќе биде, овој амандман ние ќе го повлечеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам и јас.

Збор има госпоѓа Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседтеле, имам чувство дека во државата многу пати ги тераме работите од опаку. За жал, тоа ќе не чини многу повеќе. Се согласувам дека не само некој што ќе даде свое стручно мислење, па макар тоа да биде мислење од Здружението од областа на земјоделието, веќе не навлегувам во тие, од професорите, од научните и образовните институции, меѓутоа, погледнете го искуството од Европа, па и светското искуство. Само за идеја, за мислење, идејата е идеја, која се пласира и тоа се заведува. Значи, се нотира во истиот момент. Според тоа, се што се дава како идеја и како мислење и во Европа и во светот се плаќа.

Бидејќи како држава имаме одлична оценка за борба против корупцијата, јас мислам дека навистина е многу смешно овој совет кој се состанува, особено луѓето кои ќе бидат од здружението и ќе доаѓаат, патни трошоци треба, дневни трошоци и тн., апсолутно тврдам дека треба да има и соодветен паушал. Не мислам во моментов дека еден член во управен одбор кај гувернерот кој зема 60-70 илјади и има 7 години право на мандат, или еден комисионер во Комисијата од хартии од вредност и зема 50 илјади и има рок да биде член на хартиите од вредност во рок од пет години, дека неговото мислење, неговото стручно образложение е повеќе од овие луѓе од советот. Значи, работите се тргнати наопаку. Никој нема да го искара министерот за земјоделие ако даде одреден паушал од пет-шест илјади, голема работа, од Буџетот ќе одвоиме. Со тоа навистина ќе мобилизираме дома луѓето да сработат и кога ќе ги имаат нивните состаноци со Здружението и кога ќе ги даваат во однос на локалната самоуправа, луѓето да имаат потстрек и реагенс повеќе за тоа. Затоа,  и ни се случува ова во моментот што ни се случува да помисли целата македонска јавност дека најголеми криминалци се пратениците. Тие не змеаат дневници, тие не земаат паушали, тие не земаат ништо. До тоа дереџе дојдовме. Земаме само плата. Сега не сме усогласени со Законот. Еве сега да мислат и тие. Ако ние не земаме, овие луѓе во Советот за земјоделие и рурален развој, барем треба да земаат и министре ве молам, да им одредите паушал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам и јас.

На ред за збор е госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам на поддршката од почитуваната пратеничка Божиновска. Сепак мислам дека амандманот е во ред. Сепак мислам дека министерот требаше, ако воопшто ги обработувале амандманите, требаше да го прифати овој амандман, со кој бараме финансиски средства, потребни за работа на Советот за земјоделие и рурален развој.

Ако клучен закон за развојот и иднината на Република Македонија е овој закон, ако змејоделието е нашата иднина, ако како што императив на СДСМ е јак аграр, богат земјоделец, јас сум сигурна дека императив и на министерот за земјоделство и на секој Македонец е токму постигнување на јак аграр, бидејќи повеќе од 400 илјади луѓе во Македонија се занимаваат со земјоделие. Во моментот во Република Македонија кога македонскиот земјоделец и рурален сектор се соочува со значајни предизвици во однос на можностите за квалитетно земјоделско производство, конкуренцијата од регионалните, од европските и од меѓународните пазари, начините на подобрување на квалитетот на живеење во руралните средини, отворањето нови работни места,  се многу значајни.

Во таа насока важен е ефективниот и добро координиран одговор на институциите на државата при креирањето на соодветната земјоделска политика. Прилагодувањето на законската регулатива и реформите во јавните институции. Меѓутоа, во овој процес исклучително потребно и важно е мобилизирање на сите други релеватни актери и чнители кои директно или индиректно влијаат во земјоделскито и во руралниот сектор.

Значењето на таа национална стратегија за земјоделие е огромно. А мислење прио нејзината изработка дава токму Советот за земјоделство и рурален развој. Дали почитуван министер тие 11 члена на советот, ќе зависат максимално од волјата на Министерството за земјоделие да им одобри просторија, каде би можеле да се соберат, бидејќи ќе немаат сопствени средства според вас, да им даде теренско возило ако треба да се посети некое рурално подрачје, каде има незадоволни граѓани, земјоделци од поделбата на земјата. Дали максималната нивна зависност од Министерството за земјоделство ќе ги стави во подредена улога и покрај тоа што би требало да бидат непартиски војници, би требало да бидат еминентни стручњаци, или експерти од областа на земјоделството и тн., видовме во досегашните предлози и избори на оваа владина коалиција, секаде каде што требаше да се изберат еминентни експерти што се бираше и за што гласаше ова владеачко мнозинство. Меѓутоа, необезбедувањето на 100 денари за нивна работа значи нивна подредена положба. Поради тоа, апелирам до колегите пратеници, меѓутоа, гледам дека никој однив не ме слуша, да го прифатат овој амандман за доброто на Република Македонија, за доброто на јакото земјоделие, јакиот аграр и за подобро функционирање на овие 11 члена на Советот за земјоделство и рурален развој. Јас прифаќам тие да бидат волонтери, меѓутоа, се сомневам дека секоја волонтерска работа носи некои други услуги, контра услуги, корупции и тн. Не би сакала да манипулирам, меѓутоа, необезбедувањето буџет, необезбедувањето средства за функционирање на овој Совет за земјоделство и рурален развој, значи враќање во претходниот режим, кога се беше на волонтерска основа и кога резултатите видовме какви беа на крајот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите уште еднаш да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман не се прифаќа од едноставна причина што директните плаќања кои се изведуваат во самата Европска унија, како една од носечките мерки е плаќање по хектар.

Со предлог амандманот се предлага тоа да се избрише, што навистина е неприфатливо.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Еве јас ќе се потрудам да бидам што пократок да не одземам време.

Почитуван министре, јас тоа го знам и сите го знаеме тоа дека имаме според стандардите на Европската унија дека од сега натаму ќе се плаќа по хектар, единица производ и по грло. Но, јс неколку пати имам дискутирано и имаме расправа како на Комисијата и во оваа сала дека сепак имаме една категорија на луѓе кои што треба да бидат не наградени, туку да си земат према тоа што го имаат произведено. Затоа што стандардите, односно стандардот на одредена група земјоделци не го дозволува, односно тие и да сакаат не можат да влезат во оваа група која што се бара да биде стимулирана, односно да биде наградена со одредена сума на парични средства, како стимулација која што е предвидена со овој Предлог-закон.

Бидејќи во овој амандман во овој член 16, како што гледаме поврзано е значи по единица, директни плаќања се исплатуваат на земјоделците и тоа по хектар на земјоделско земјиште, како што беше и оваа година, по единица земјоделски производ и по грло добиток. Значи, овој член ни ги поврзува овие три сегменти кои што ни даваат една целина. Значи, и по хектар и по килограм и по грло.

Почитуван министре, бидејќи вие мојот став го знаете, нема да ви одземам многу време и сепак останува и понатаму кога ќе имаме закон од сферата на земјоделието кои што треба да ги заштити сиромашните земјоделци, кои што немаат средства или не се моќни да поминат во оваа категорија на земјоделци и да ги следува стимулација, јас секогаш ќе зборувам, секогаш ќе се борам за нив и ќе ви укажувам на оваа негативност која што е од страна на Министерството за земјоделие.

Уште една работа. Бидејќи овие средства кои што ќе се добиваат се добиваат од Европската унија и кои како што вие велите и како што ние сит знаеме ќе бидат строго наменети според изработени програми, кои што ќе се доставуваат до Министерството, значи ќе бидат средствата, односно паричните средства ќе легнуваат на Агенцијата за финансирање на земјоделието и руралниот развој, но сепак, оваа агенција, колку што јас знам и колку што пред едно три-четири месеци од кога го имаат донесено законот за Агенцијата за финансирање на земјоделие и рурален развој, сепак, покрај овие средства кои доаѓаат од Европската унија, имаме средства кои легнуваат на сметката, односно ги има Агенцијата и од Буџетот на Република Македонија. Заправо, јас зборувам за овие средства кои што Буџетот на Република Македонија треба да ги одвои за оваа класа или категорија на земјоделци кои што ќе бидат стимулирани, бидејќи не можат да бидат во оваа класа на земјоделци, или земјоделски стопанства. Дури сега во Република Македонија министре јас се сомневам дека има некоја категорија на индивидуални земјоделци кои што можат да бидат во оваа класа, односно освен овие кои што имаат земено земја под закуп.

Значи, овој амандман ние го поднесовме за онаа категорија на земјоделци, кои што не можат да бидат во оваа категорија, кои штоможат да го исполнат овој услов и не мора да бидат финансирани како што вие рековте од средствата кои што доаѓаат од Европската унија за финансирање на земјоделието и руралниот развој, туку од Буџетот на Република Македонија. Значи, Агенцијата за финансирање располага и со средства од Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувм пратениците кои не се во салата да влезат во салата бидејќи преминуваме на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците уште еднаш да влезат во салата и да ги заземат своите места, бидејќи треба да гласаме.

(Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,18 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да дојдат, да влезат во салата.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи во салата нема доволно пратеници, објавувам пауза од 10 минути и молам координаторите на пратеничките групи да направат напори да ги повикаат пратениците.

(Пауза од 15,19 до 15,42 часот)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места бидејќи ќе продолжиме со работа.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 59 пратеници, од нив 12 пратеници гласале за, воздржано нема, против се 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 алинеја 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски Тале Геерамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве, јас ќе се обидам да дадам свое објаснување на овој амандман кој го имаме поднесено јас и колегите.

Бидејќи овој закон се однесува на руралните подрачја и земјоделството, со овој амандман сакавме на некој начин да го подобриме текстот на законот, со тоа што би придонеле за стимулирање на земјоделците, односно за нераселување и останување на земјоделците во овие рурални средини од каде што егзистирале.

За што се работи? Во членот 29 во мерките за зголемување на вработеноста и подобрување на квалитетот на животот во руралните подрачја во став 1 алинеја 2, вели “помош за млади земјоделци”. Овде со овој амандман имаме додадено дека, покрај тоа што има помош за млади земјоделци, и пензионирање на земјоделци на возраст од 60 години. Можеби тоа се коси со Законот за пензионирање, според кој пензионирањето е на 65 година, сепак, мислевме дека со овој амандман ќе придонесеме, како што кажав на почетокот да овозможиме на оние млади земјоделци или земјоделци без разлика на која возраст се, да останат овде во општините, во руралните средини, во малите средини, како ќе бидат одредени од Министерството за земјоделство, бидејќи знаеме дека имаме еден член во кој се вели дека Министерството ќе даде свое мислење за општините и местата кои ќе бидат третирани како рурални подрачја.

Како што реков, можеби овој наш амандман се коси со дел од Законот за пензионирање, но почитувани колеги пратеници, почитуван министер, како што знаеме во нашата држава

донесуваме доста закони особено од 1990 година наваму, закони кои овозможуваат подобрување на животот на граѓаните, кои не по своја вина останале без работа, поради некои причини кои ги затекнале и ги принудила самата транзиција да дојдат во таа ситуација во која се.

Бидејќи овој закон е многу важен за земјоделството и руралниот развој во Република Македонија, сакаме да овозможиме на одредена група на граѓани, односно земјоделци во Република Македонија да ги стимулираме, да останат овде во овие средини и да се занимаат со земјоделство за да придонесат за подобар квалитет, поголеми количини на земјоделски производи, а со самото тоа и останување на поголем број на граѓани односно земјоделци во овие средини. Без разлика што имаме некои мерки и стимулации за онаа група граѓани кои остануваат во овие места како неразвиени и рурални, сепак мислевме дека можеби овој предлог кој што го имаме со овој амандман ќе биде еден од поважните и мотивирачки предлози, односно закон со кој ќе се овозможи стимулирање на овие земјоделци да останат овде, дури не само оние кои ги имаме во општините или овие места кои се заостанати, туку да придонесеме и за една друга група граѓани, земјоделци кои би се населиле во овие места и со овој наш предлог, со овој амандман што го даваме, да се пензионираат порано отколку според законот за пензиско и инвалидско осигурување. Како што реков на почеетокот тоа можеби се коси со Законот за пензионирање, но сепак се може да се направи ако се сака, без разлика дали овој амандман ќе се прифати или не. Министерот рече дека амандманот не се прифаќа но сепак би апелирал до парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман, бидејќи сите овде во оваа сала кога беше расправата за првата фаза на законот, тоа беше можеби еден од законите кој што побуди најголем интерес, имаше најмногу дискутанти, после некои политички закони што ги донесуваме овде и затоа барам поддршка и од парламентарното мнозинство, затоа што се залагавте, затоа што се залагавме и ние од опозицијата, затоа што дојдовме до заеднички заклучок и став дека овој закон е многу битен за Република Македонија. Затоа, со овој амандман еве шанса да им овозможиме, да ги задржиме, да не се раселуваат или да овозможиме да се доселуваат во такви рурални мали неразвиени општини и останатите граѓани на Република Македонија. Тоа е една шанса, тоа е според мене еден голем мотив, без разлика што се работи за пет години, сепак, овие години околу 60, односно над 55 години, доста би ги стимулирале земјоделците да се пензионираат барем две години пред време. Можеби почитуван министер не требаше овде во овој амандман да ја ставиме бројката 60, можеби требаше да остане како пензионирање на помлади земјоделци, но сепак размисливме, бидејќи според законот за пензиско осигурување на 65 години нормално се оди во пензија, ние предложивме пет години порано да се пензионираат земјоделците кои потекнуваат од овие општини. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседаеле.

Јас ќе се осврнам само на кратко. Поднесовме еден амандман на член 29 каде што се предвидени мерки за зголемување на вработеноста и подобрување на квалитетот на чивотот во руралните подрачја. Таму се предвидени три мерки и една од мерките е помош на млади земјоделци. Можеби амандманот не е навистина среќно срочен, затоа што беше пишуван во ден кога беше голема жалост во Република Македонија и така се случуваат пропусти, но еве што е смислата. Ако навистина постигнеме договор, можеби може министерот за земјоделство до крајот на расправата по овој закон да поднесе амандман и од Владата.

Целта беше да го вратиме решението што беше предвидено со Предлогот за донесување на законот, а тоа беше, покрај помош за млади земјоделци, и за рано пензионирање, порано пензионирање на земјоделците.

Моето основно прашање, една од причините заради кои го поддржавме и повторно го поддржуваме овој закон е точно поддршка за порано пензионирање на земјоделците. Повторувам, можеби не е добро срочен амандманот од причините кои ги кажав, но имам можност да го исправиме ако сакаме да постигнеме една цел.

Првото прашање ми е: зошто Министерството или предлагачот се откажал од решението во Предлогот за донесување на законот кој што го поддржавме сите, кои се причините, дали не може повторно да го вратиме да се договориме и да овозможиме услови за порано пензионирање на земјоделците, заради тоа што ако некаде навистина е тешка работата, тоа е исклучително тешка после рударството во земјоделието секако и државата треба тука особено да води сметка и еве да речеме и да не се прифаќа овој амандман, но да во извршените консултации и по нашава аргументација министерот да направи напори до крајот на расправата да поднесе амандман од Влада во таа смисла, за да ја постигнеме целта и другата работа која што секако не сме ја реагирале со амандман, сме пропуштиле еве, и која што не била во Предлогот за донесување на закон, а која што е особено важна за Република Македонија, како мерка за зголемување на вработеноста во руралните подрачја е поддршка на вработување на жената во руралната средина. Ова е особено важно за Република Македонија заради поддршката која што ни ја дава Советот на Европа и сите меѓународни институции за еднаквите можности на жените, заради состојбата во која што навистина се наоѓа руралната жена, Република Македонија

навистина треба да им помогне и ова е Законот, ова се решенијата, тука се можностите каде што ние треба да ги создадеме.

Јас очекувам дека за оваа моја дискусија ќе ме поддржат сите колеги пратеници кои што потекнуваат од рурални подрачја односно претставуваат граѓани и гласачи од рурални подрачја и земјоделски подрачја, а особено во вториот дел од мојава дискусија за вградување посебна мерка за вработување на руралните жени, јас очекувам голема поддршка и од колешките пратенички во овој Парламент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓа Иванова.

За реплика се јави и министерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Прво една благодарност до пратеничката за дискусијата околу амандманот предложен на член 29.

Прво, целиот закон за земјоделие и рурален развој е комплетно прилагоден на европските регулативи што го регулираат овој дел од законодавството. Тој член ги третира мерките за зголемување на вработеноста и подобрување на квалитетно на животот во руралните подрачја. Тука се наброени глобални три мерки каде што понатаму со разработување на тие мерки и со примена на акциони планови точно ќе се определи начинот како ќе се спроведат тие мерки и како ќе се зголеми вработувањето во тие рурални средини затоа што баш заради тоа што таму имаме одредени специфичности во тие рурални средини, посебен дел од овој закон ги третира баш нив, и посебни европски фондови како и буџетски фондови ќе бидат наменети за тие средини. Тука ги имаме трите главни правци. Тоа е поттикнување на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја со цел да се обезбедат дополнителни извори на доход, помош на млади земјоделци, и подобрување на условите за работа и животните услови на населението во руралните подрачја, подобрување на инфраструктураната опременост и на животните и работните услови на населението. Во склопот на овие фактички мерки за поттикнување на вработеноста секако е вклучена и жената на која и се дава посебен приоритет во овие рурални средини. Тоа веќе го работиме и со постојната програма за рурален развој, каде што за жените во руралните средини се предвидени посебни услови, посебни критериуми и посебни погодности и поволности за самовработување.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам.

Ја прифаќам аргументацијата на господинот минситер, но мислам дека во ништо она што го кажа не се коси, напротив, ќе биде попрецизен законот. Да ставиме, еве да се договориме овде сите ние, да биде со амандман од Влада, затоа што ви ги кажав причините зошто не сме поднеле тогаш амандман. Да ставиме како посебна мерка помош за вработување на жени од руралните средини, со посебно потенцирање, затоа што жените кои живеат во руралните средини се наоѓаат навистина во тешка економска состојба, во сиромаштија. Ова ќе биде постигнување на двоен ефект на државата. Значи државата ќе има двоен бенефит, ќе испрати порака до Европската унија дека има една мерка плус, дека се грижи за еднаков развој и дека се грижи за еднаквите можности на жените од неразвиените подрачја од руралните средини. Јас мислам дека ова е добро да го направиме и мислам дека ќе имам целосна поддршка особено од сите жени пратенички. Мислам дека не ми треба дополнителна аргументација за решението - мерка за предвремено пензионирање обезбедено во законот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓата Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине минситер, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам да го поддржам амандманот на колешката Цветанка Иванова и мислам дека е логичен и ќе го збогати законот во оваа смисла. Не е ништо чудно во законска регулатива да се истакне улогата на жената и да се даде некоја бенефиција во поглед на нејзиното учество, бидело да се работи за одлучување во органи и тела на одлучување, било да се работи на позиции и во области каде што треба економски да зајакне жената. На првиот план, организирајќи се заедно како жени во Македонија навистина постигнавме многу и денес сме високо рангирани во првиот дел од листата на вклученоста на жените во политиката и тоа е добро. Меѓутоа, во поглед на економското јакнење на жените мислам дека треба многу да се одработи. Се разбира, положбата на жените на економски план е резултат и на севкупната економска криза во која Македонија се наоѓа веќе 15-тина години и жената и мажот исто така пати и страда од беда и сиромаштија, но во оваа ситуација кога зборуваме за рурален развој, за рурална жена многу добро ќе биде ако се истакне позицијата на жената и ако се даде една можност плус да може да добие посебни погодности за развој и напредок.

Инаку, само да напомнам дека постои посебен таков третман на жените во економска смисла во разни држави во светот. Во Шведска постои посебна програма за жените претприемачки, што не значи дека мажите се дискриминирани. Меѓутоа, увидувајќи дека има помалку жени претприемачки во бизнисот, Владата на Шведска со години вршела и врши стимулација на жените во бизнисот и во претприемништвото. Во таа насока ја сфаќам сугестијата на колешката Цветанка Иванова и затоа ја поддржувам. Да не

заборавам да кажам, постои да речеме цела кредитна линија на прочуената Гранин банка од Индија, од Бангладеш, каде што се даваат специјални микрокредити токму за жени, затоа што е утврдено дека жените кога ги земаат кредитите се поредовни плаќачи и она што го земаат како кредит го инвестираат за развој на семејството, на фамилијата и за образование на децата.

Токму од тие причини и финансиерите на тие банки утврдиле дека на тој начин ќе и помогнат и на земјата и ќе му помогнат на целокупниот економски развој на земјата што ќе ја поддржат земјата со вакви микро кредити.

Значи, тоа е една поддршка за овој амандман на колешката Цветанка.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Госпоѓо Поповска јас не сакав да ве прекинувам, но амандманот на госпоѓа Цветанка не се однесува на поддршка на жените, туку тоа беше предлог упатен до министерот, затоа збор му давам на министерот.

Тоа е објаснувањето.

Реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** За она што вие го кажавте.

Ние имаме поднесено амандман да се врати првичното решение за рано пензионирање на земјоделците. Но, ви кажувам дека пишувавме во ден на жалоста амандмани и пропуштивме.

Јас барам сите ние заедно овде да извршиме притисок со својата аргументација на предлагачот да вградиме уште еден амандман, а тоа е посебна мерка за зголемување на вработеноста на жените од руралните средини.

Јас мислам дека министерот ќе ме сфати, бидејќи доаѓа ова од претседателката на Клубот на жени и од претседателката на Комисијата за еднакви можности, а се надевам и од сите жени на овој Парламент. Верувам дека сесрдно ме поддржуваат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Иванова.

Во пресрет на ова минситерот сака да даде кратко објаснување.

Повелете господин министер.

**Ацо Спасеноски:** Прво и министерот за земјоделие и Владата ја поддржува идејата за посебни права или посебни привелегии на жената претприемач особено во руралните средини. Затоа има посебно поглавје во ИФАД програмата за користењето на европските фондови токму со цел помош на жената во руралната средина. Тоа е едно.

Второ, оваа година беше прва година каде што во програмата за рурален развој се одобруваат посебни средства, се пропишаа посебни критериуми за жените во руралните средини.

Со ставање или неставање на жена, или издвојување на жена од вкупните проблематики во руралната средина, не значи дека нема да се даде, или се дава приоритет, така да тоа е пишано и во стратеките планови за развој на руралнит средини, во Акциониот план за рурален развој каде што на жената и е дадено посебно место во руралните средини, во програмата за субвенционирање на рурален развој и во ИФАД планот и е дадено посебно внимание, така да и јас ја поддржувам таа иницијатива да и се даде посебно место на жената во руралните средини.

**Бесим Догани:** Благодарам господине минситер.

Реплика има госоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседател.

Јас имам обичај да излегувам овде кога зборувам за особено важни прашања. Ова за мене е многу важно прашање.

Ви благодарам за разбирањето што го имате и ги прифаќам аргументите. Ние сите жени што сме овде во салата без исклучок од која политичка опција доаѓаме, знаеме дека има во посебните фондови средства наменети за жените и за жени од руралната средина, но особено ни е важно како посебна мерка издигана на законско решените да биде ставена во законот сега мерката помош за вработување на жените од рурални средини.

А со оглед на тоа дека има средства, а секогаш законите се имплементираат ако има средства, тогаш нема пречка и затоа бараме до крајот од расправата да поднесете еден амандман со кој што ќе биде вграена и оваа дополнителна мерка која што особено ни е важна на сите жени во овој Парламент.

Ви благодариме.

Ви благодариме од името на сите жени.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да се приклучам на дискусијата на амандманот поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски заради тоа што сметам дека регулира една исклучително важно прашање кое што може да биде од голема помош на ова структура на граѓани кои што се занимаваат и кои што егзистираат од земјоделието. Уште повеќе заради тоа што сметам дека нивната работа е исклучително тешка и дека не би можело да бидат ставени во истата категорија за пензионирање, како и останатите граѓани.

Секогаш сум сметала дека одредени категории на работни места и на вработувања треба да имаат посебна категоризација при исполнувањето на условите за пензионирање. Сметам дека земјоделците спаѓаат во онаа категорија на граѓани која што навистина заслужува да има повластени креитериуми за пензионирање и треба да имаат можност за порано пензионирање. Затоа апелирам и до останатите колеги пратеници да го прифатат

амандманот со кој што се предвидува порано пензионирање на земјоделците, на возраст од 60 години, или доколку има од страна на Министерството некој предлог оваа старосна граница да биде уште помала тоа би било уште поприфатливо и очекувам амандман да биде поднесен од страна на Владата кој што ќе стане составен дел на законот.

Мислам дека ќе се согласиме сите дека е прилично тешко оние луѓе кои што се регистрирани како земјоделци да ги исполнат критериумите за пензионирање на 64 години, заради тоа што нивната работа е исклучително тешка, физичка работа, слична како работата во текстилната индустрија за која што исто така сметам дека треба да има поинакви критериуми за одење во пензија, затоа што друго е да одите во пензија како државен службеник, а сосема е друго да одите во пензија како земјоделец или текстилен работник и тн.

Затоа апелирам особено до носителите на листи на ВМРО-ДПМНЕ во Изборната единица 3, Изборната единциа 4 кои што во текот на изборната кампања одеа и ветуваа дека ќе направат се да им го направат полесен животот на граѓаните и покрај тоа што не се тука денеска во салата, се надевам дека тоа не е заради тоа што не се заинтересирани за ова прашање, ќе се појават да дискутираат за ова прашање кое е исклучително важно за земјоделието.

(Во салата влегува пратеникот Влатко Ѓорчев).

И по некоја случајност само што ќе спомнам дека ги нема, некој им јавува дека ги спомнувам, тие влегуваат во салата за да демантираат, меѓутоа се надевам дека ќе го поддржат овој амандман за да ги исполнат своите ветувања кои што ги даваа во текот на кампањата, а тоа е дека ќе направат се да им ги олеснат можностите за инвестирање во земјоделието, да им ги олеснат можностите за користење на фондови во земјоделието и во крајна линија доколку сакаат да им го олеснат навистина животот на земјоделците да го гласаат овој амандман со кој што ќе дозволат со законот порано пензионирање на земјоделците на возраст од 60 години.

Уште повеќе заради тоа што и во првата фаза на овој закон ваквата одредба беше предвидена од страна на Министерството за земјоделие и јас навистина не знам од кои причини Министерството за земјоделие се одлучи во втората фаза да ја избрише оваа одредба која што веќе постоеше во првата верзија на законот, одредба која што предвидуваше порано одење во пензија за земјоделците.

Јас би го замолила министерот да објсни од кои причини, кои се аргументите заради кои што меѓу двете фази ваквата одредба е избришана и од кои причини тоа е направено, заради тоа што мислам дека земјоделците заслужуваат да добијат одговор на тоа прашање, имајќи во предвид дека во првата фаза во истиот закон беше предвидена ваква одредба во истиот член, за порано пензионирање на земјоделците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Реплика има министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

Овој закон не ги регулира условите за пензионирање, има друг закон за пензионирање така да таму може да се преуреди оваа проблематика, околу порано пензионирање на земјоделците.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам министре.

Во тој случај очекувам вие да иницирате во Владата предог на измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во кој што ќе предложите поповолни услови за пензионирање на земјоделците. Тогаш ќе ви верувам дека вашата намера била искрена и била изменета одредбата која била предвидена во првата фаза за порано пензионирање на земјоделците, единствено од причина што овој закон не го регулира пензионирањето на земјоделците.

Значи, очекувм од вас во најскоро време иницијатива за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со одредба која што ќе значи порано пензионирање на земјоделците во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Пратеничката Грковска спомна помеѓу другото во нејзината дискусија третата изборна единица, како и работите кои што се поврзани со земјоделието, но и вкупно со економијата.

Јас би спомнал дека пред половина час се враќам од еден настан кој што е навистина извонредно важен за Источна Македонија, а тоа е отворањето на рудникот Тораница.

Во моментот додека ние зборуваме 400 луѓе во Тораница почнуваат да работат и да земат плата. Пред една ипол година таму имаше 50 луѓе кои што работеа на одржување, а целиот град беше втурнат во транзиционата безперспективност. Значи, ќе имаме 400 вработувања, до Нова Година ќе има 500 вработувања, а до месец февруари ќе имаме 600 вработувата во Крива Паланка, во општина која што има 20 илјади жители. Мислам дека е тоа извонредно важна работа за целиот регион на Североисточна Македонија.

Во делот на земјоделието би спомнал дека раотите не се решени и не се идеални, но се многу подобри од оние што беа. Оние ситуации кои што ги наследивме, конкретно во Источна Македонија еден од најглемите проблеми сигурно

е водата, затоа што се работи за сув предел, го завршивме хидористемот Лисиче и во велешко ќе можеме да имаме наводнување.

Втора работа, забрзано се работи хидросистемот Злетовица и околу седум, осум општини, општините, Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и тн. ќе можат да бидат снабдени и со вода за пиење но исто така и земјоделските посеви. Да не спомнувам и за намалувањето на ДДВ на земјоделството од 18 на 5%. Можеби ефектот за намалување не беше тој кој што го посакувавме, но во секој случај сепак во земјоделието беше присутен. Ефектот во земјоделието го гледаме и ако немавме и намалување на цените како што требаше, можеби немавме зголемување тренд кој што беше со години наназад присутен, да се зголемуваат цените во земјоделието.

Исто така имаме зголемени субвенции во земјоделието и во аграрот, така што состојбите и таму се подобруваат.

Дали имаме аграр, дали имаме земјоделие како што има Франција, Италија, Германија или некоја друга земја не, но сепак мислам дека сме во поповолна позиција одколку што беше случајот со аграрот пред две години, пред три години, или пред една година. Значи, тоа се само дел од мерките кои што би сакал да ги спомнам, но во секој случај мислам дека главната вест е денес отворањето на рудникот Тораница кој што ќе биде вонредно важен за целиот североисточен дел од нашата татковина и пропратните дејности кои што ќе бидат активирани. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

Контра реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Се надевам дека граѓаните ќе препознаат во оваа реплика на господинот Ѓорчев дека господинот Ѓорчев призна дека ефектите од намалување на данокот на додадена вредност во земјоделските производи не е како што се очекуваше, туку напротив земјоделците сеуште купуваат дури и поскапи семенски материјали отколку што купуваа пред 2006-та година и уште повеќе заради тоа што господинот Ѓорчев истакнувајќи ја значајноста на Тораница практично оддаде признание на проектот кој што СДСДМ во претходниот мандат го започна. Ова е практично финализирање на тој проект. Ова е практично само признавање или отворање од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Апсолутно е во право претседателката на Клубот на жени, тоа е многу добро смислено и многу добро кажано во мигот кој може да биде составен дел од законот доколку се договориме, но она што како едно искуство кое случајно го знам од Словенија е тоа дека во овој момент помошта на младите жени од ЛКМ, во делокругот за помош на млади луѓе спаѓаат и младите жени кои се занимаваат со земјоделство. Според тоа апсолутно го опфаќаме и тој дел. Под земјоделци разбираме и мажи и жени, но во последната алинеја за подобрување на условите за работа и животните услови на населението во руралните подрачја мислам дека нема потреба да го ставаме делот за обезбедување на економските услови на жените во руралните средини, бидејќи можеме да дојдеме до еден законски вакум, ми се чини

Она што е значајно во моментот, ми се чини дека е генералната политика на Владата која ја има, или треба да ја има, да ја обзнани во моментот за жените предприемачи особено во она што значи поддршка од Македонската банка за поддршка и развој, оние инвестициони фондови кои ние ги имаме во Министерството за финансии.

Конечно, во сите држави од Европската унија тие пари кои доаѓаат, доаѓаат за жал со 5% во Македонска банка за поддршка и развој, но ние во комерцијалните банки ги добиваме со 12-13%. Во таа генерална политика мислам во иднина Владата ќе мора да ја согледа со помош на сите министерства во однос на подобрување на условите за жената во тој контекст. За малите и средни претпријатија, таму каде што жената ќе направи свој бизнис за своето семејство ќе мора каматната стапка да биде онаква каква што достигнува од ММФ банката од Германија и тн. Значи, ќе мораме малку во еден поширок доглед да ја оформиме оваа законска рамка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Мене ми е многу жал што темата се сфати погрешно и отидовме сите во погрешна насока.

Јас ќе ве потсетам дека имаме амандманска расправа во која амандманот воопшто не е спомнат за жените, така да ќе ве молам ако имате коментари за правата на жените во овој закон тоа да го направите во претресот по текстот на Предлогот на законот.

Господине Оливер вие се јавувате за репли,а или за збор? (За збор).

Во ред.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни дебатата внимателно ја слушам, посебно вашите реакци господин потпретседател по дискусиите и репликите на пратениците. Поради тоа би замолила да ме оставите да дискутирам онака како што дозволивте претходните дискутанти да зборуваат, или пак немате исти аршин спрема сите нас. Ако е некој пратеник од опозиција треба да зборува само три реченици кои ги има во амандманот, а ако е некој пратеник од позиција и плус тоа седи во прв ред може да зборува ама баш што сака кога ќе дојде на седница во Парламентот.

**Бесим Догани:** Вашиот коментар се однесува до господинот Ѓорчев, но господинот Ѓорчев реплицитраше, немаше збор.

**Верица Филипова:** Јас не кажав име, а вие сами си зборувате…

**Бесим Догани:** Ќе ве замолам да не зборувате за рудници.

**Верица Филипова:** Токму така. Се случи на оваа попладневна сесија да бидете према едни пратеници мајка, према други пратеници маќеа, како што многу често ви се случува за жал.

**Бесим Догани:** Јас жалам, но ќе треба да бидете како господинот Ѓорчев снаодлив и да навлезете со некоја реплика па да се рекламирате малку.

**Верица Филипова:** Или е некоја снаодливост или има некоја друга цивилизирана во овој свет, а не вашиот суд. Единица мерка не е мерка за снаодливост, е кариерата, универзитетското образование, дипломата и тн., а тука, мерките се малку различни меѓу мене и господинот Ѓорчев.

Што би сакала да кажам за амандманот што е денеска на дневен ред? За пензионирање на земјоделците, потполно го подржувам овој амандман и барам од пратениците од владеачкото мнозинство, поради тоа што во Република Македонија има преку 300 илјади земјоделци, сакам да ја искористам репликата на господинот Ѓорчев и неговите добри намери да се заземе за голем дел од вработените во Изборната единица 3, каде што беше носител на листата на ВМРО-ДПМНЕ и каде што населението воглавном се занимава со две земјоделски гранки. Едната е земјоделието, втората е текстилот.

Во текстилот, во Источна Македонија, работат преку 40 илјади вработени. Со новиот Закон за пензиско осигурување сите се онеправани. Дали сте дошле да ги посетите текстилните работници во Штип, Делчево, Кочани и да ги видите нивните реакции од непродолжувањето на Законот за пензиско инвалидско осигурување, неважењето на стариот Закон, не ставањето на дневен ред, една мала дигресија, прва ми е, нестававањето на дневен ред на измените и дополнуваеата од страна на СДС за пензионирање на текстилните работници, кои дефакто, со новиот Закон мораат да работат до 62 години, текстилните работнички во конфекциите, што е реално невозможно.

Поради сето тоа барам да се посетат текстилните фабрики и да се заложите за пробелмот на текстилните работници.

Слично нешто, овој амандман предложен од колегите од СДС предвидува и за вработените во земјоделието. Амандманот се однесува на нив.

Го почитувам ставот на министерот за земјоделие кој кажа дека тоа би требало да се реши со Законот за пензиско инвалидско осигурување. Впрочем, од позицијата очекувам предлог за измена и дополнување на Законот за ПИО, со што ќе бидат опфатени жените од руралните средини и земјоделците од руралните средини.

Втората дигресија би сакала да ја искористам за рудникот Тораница и Фесал 2 - аранжманот, кој со потпис на сегашниот премиер Груевски во 2001 година, како тогашен министер за финансии, беа затворени мислам 34 фирми во Република Македонија. Отидоа во стечај и ликвидација. Една од нив беше и Тораница што лично Груевски, со негов потпис беше затворена. Во тие 34 големи загубари од Фесал 2 - аранжманот беа и штипските Македонка, Астибо и други, беше ставен клучот на голем дел од македонските рудници. Денешното отварање на Тораница, јавноста знае кој и што направил. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Реплика има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Со внимание ја следев дискусијата на почитуваната колешка госпоѓа Верица Филипова. Со неа, во една работа би се согласил, а во една работа не би се согласил.

Тоа е дека пробелмите што ги има нашата држава и нашите граѓани, особено граѓаните на Источна Македонија се бројни, напластени и со децении акумулирани.

Во делот на решавањето на пробелмите не би се согласил, а тоа е дека постепено почна дел од решавањето на тие проблеми.

Зборувавме за земјоделието, заборуваме за зголемени субвенции, зборуваме за подобрено водоснабдување и зборуваме исто така и за зголемени откупни цени на земјоделските производи работа што не е проекција, што не е ветување, туку што во моментов се случува.

Уште еднаш ќе кажам нашите земјоделци немаат таков живот како земјоделците во Италија или Шпанија, во некоја рака е сеуште тешко, во некоја рака е подобро од тоа што беше лани, преклани или во другите години на владеење на партијата што требаше да вработи по еден од секое семејство.

Кога зборуваме за Штип госпоќо Филипова, мислам дека заеднички можеме да се радуваме и да констатираме дека работите во тој град се подобруваат. Конкретно, можеме да зборуваме за отворање на Универзитетот во Штип што ќе има факултети исто времено во Виница, Кочани, Струмица, Свети Николе, Пробиштип и во други градови.

Намалениот ДДВ веќе го констатиравме. Понатаму, пласманот на рудниците, не само Тораница, туку и Злетово, што пред една година имаше 50 луѓе кои работеа на одржување, сега има 550 кои работат. Рудникот САСА во Македонска Каменица кој имаше 250 вработени сега има 700.

Навистина имаме зголемена економска активност, а исто така Штип ќе има подобрено

водоснабдување со завршувањето на браната Злетовица.

Имаме готова спортска сала во Штип на пролет. Ве поканувам заедно, како пратеници од таа изборна единица, како луѓе кои се загрижени, кои му сакаат подобро на Штип, заедно со другите пратеници од Штип, господинот Коцев, госпоѓа Тулиева и другите луѓе да појдеме и да ја отвориме таа спортска сала за која што зборуваме.

Работите во Источна Македонија мислам дкеа се подобруваат, се подобруваат и работите во земјоделието, не толку колку што сите би сакале, но многу повеќе и многу подобро од децениите и децениите на економска запоставеност за која што сме свесни и што е одговорност на повеќе влади и гарнитури.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

Контра реплика има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Вероца Филипова:** Благодарам.

Репликата на Владимир Ѓорчев, почитуваниот пратеник, беше како да е пред 5 јули 2006 година, пред изборите.

Зарем не гледате што се случува во Македонија и каков хаос има секаде? Кога се продаваа рудниците што ги спомнувате, вие државте пресови против приватизација на рудниците. Зарем го заборавивте тоа. Зарем заборавивте кога САСА е приватизиран аи пуштена во работа? Истиот процес беше и во Тораница. А, се сеќавате што нарпави ВМРО со рудникот Бучим и холивудскио тактер кој дојде да се претстави како сопственик и директор на Бучим, на радовишани им вети дека ќе им донесе Мегдоналдс во Радовиш.

А, за хидросистемот Злетовица, и тоа е почнато во наше време. Хидросистемот Брегалница, како функционира, па, знаете дека направивте распад во проект оценет со одлична оценка од Светска банка, дека ВМРО-вската гарнитура во хидросистемот Брегалница направи тотален хаос. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе,

Повторно сега и во попладневната сесија имаме случај кога, дискутирајки по однос на законот ќе дојде некој колега и со својата дискусија, мислејки дека 5 минути маркетинг многу ќе придонесе за неговата партија, ќе го одалечи Собранието од суштинската работа, па после ќе слушаме како тој најмногу ќе излегува на медиумите, ќе не обвинува дека некој го кочел Парламентот, несфаќајки, при тоа, дека со својата дискусија, не по амандманот, туку по некоја своја филозофија, всушност одзема еден час од работата на Собранието на Република Македонија.

Но, што е тука е, одговорноста ќе си ја носи секој самиот за себе со своето однесување.

По однос на дел од искажаните видувања на колегата Ѓорчев околу хидросистемот Лисиче, најмногу се јавив, не е добро господине Ѓорчев нешто што се градело 20 години и што во основа претставува срамота што не се завршил тој Хидросистем Лисиче, вие да го определувате како успех...

**Бесим Догани:** Господине Николов ве молам да зборувате по амандманот.

**Марјанчо Николов:** Да, да по амандмнот.

Да го претставувате како успех на вашата партија само заради тоа што за една година успеала да го заврши тоа.

Околу другите проекти, факт е во Источна Македонија со фесал - 2 - аранжманот настана таков хаос во Источна Македонија, толку фабрики се затворија, дури во Велес се затвори Порцеланка, а вие сакате да го прикажете тоа како ...

**Бесим Догани:** Господине Николов ќе ве замолам да зборувате по амандманот или барем во најмала рака да не го направите истото за што го критикувавте колегата Ѓорчев.

Треба да направите деловничка дистинкција што е реплика, а што е збор. Господинот Ѓорчев имаше реплика, а не збор.

Ве молам, јас ќе бидам принуден да ви го одземам зборот.

**Марјанчо Николов:** Членот во Деловникот јасно кажува дека пратеник има право на реплика за да исправи неточно изнесен податок или да го дополни излагањето на претходниот говорник.

**Бесим Догани:** Тоа го нарпави господинот Ѓорчев.

**Марјанчо Николов:** Е сега, дали колешката Грковска зборуваше за рудниците, дали зборуваше за Лисиче, дали зборуваше не занм таму за што уште, што му текна на господинот Ѓорчев, или за Универзитетот и требаше тука да прекинете ако веќе толку се придржувате до Деловникот. Не требаШе да дозволите дискусијата да оди вака.

И сега, кога дојдовме ние да одговараме на тие обвинувања, веднаш да се држиме до Деловникот. Не е коректно од ваша страна да не упатувате на такво нешто, кога дозволивте претходно да се крши Деловникот од страна на колегата.

**Бесим Догани:** Јас убаво ве замолив господине Николог.

**Марјанчо Николов:** Да продолжам.

Тоа што беше изнесено, беа поголем дел политички пароли што држат во време на кампања. Реалноста е подруга. Колегите кажаа. Положбата или состојбата на граѓаните ниту малку не е подобрена, туку напротив е влошена.

Во однос на амандмнаот, јасно ми е зошто Владата го одби амандманот, зошто колегите не сакаат да го прифатат. Тие, прво, не сакаа да го

продолжат вањењето на Законот со кој што можеше да се оди во пензиј аи по основ на стаж. Сега имаме ситуација да некој замине во пензија со 64 години, а во меѓувреме да има 45 години стаж. Што значително му ги влошува условите и не го става човекот во можност да одработи 64 години, бидејки поради карактерот на работата не е во состојба да може да ги врши своите обврски редовно.

Исто така, кога беше Законот за регионален развој, Владата ги укина повластиците во однос на пензионирањето на луѓето кои живеат во руралните подрачја. И тогаш на големо дискутиравме, Валдата не го прифати амандманот. Кога беше за придонесите.

И сега, за земјоделците, исто така не сака да се прифати амандманот а тоа јасно кажува дека политиката на оваа Влада е директно насочена само кон нејзина лична промоција, а многу помалку кон решавање на проблемите на граѓаните.

Мислам дека со еден ваков амандман државата нема многу да изгуби, а во најголем дел ќе обијат земјоделците, кои поради карактерот на тешка физичка работа со која што се занимава е добро да имаат одредени повластувања при исполнувањата на условите за пензионирање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Реплика има господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев**: Благодарам потпретседателе.

Индикативно е што сите овие предлози доаѓаат кога одредена политичка структура и една политичка гарнитура е во опозиција.

Зошто сите овие работи не ги предложивте пред една година? Зошто тогаш сите овие намалувања на даноци и сите овие повластици не ги направивте тогаш, затоа што е невозможно, затоа што лично не верувавте во тоа и затоа што имавме арамилак и сето она што го гледавме.

Секој ден од вас гледаме по 20-30-50-100 амандмани. До пред 12 месеци ја имавте можноста, зошто сето тоа не го спроведовте. Велите дека сте ги почнале, сте ги отвориле тие проекти и т.н., но за чудо ниту еден не сте завршиле. Зошто не сте ги завршиле проектите? Велите овој проект го почнавме, оној го почнавме и т.н. Да, сите ние можеме да почнеме проекти, да сечеме ленти за лопати и слично, но никако немавем реализација на проектите.

Она што сега има дистинкција, е дека имаме реализација на проектите, конкретни даночни намалувања, конкретни субвенции и слично. А, поднесување амандмани во опозиција тоа сите го знаеме. Сите можат да поднесат по 50-200-250 амандмани но кога ќе се добие одговорноста сето тоа се забора и ништо не се спроведува. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ѓорчев.

Николов Марјанчо контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине Ѓорчев, кога вие бевте во опозиција дури не поднесувавте амандмани, само протестиравте. Не го знаевме вашиот став, туку автоматски бевте против.

А, околу завршеноста на проектите, да викажам уште еншто. Хидросистемот Лисиче не е завршен проект со тоа што ќе се наполни браната. Не е направен цевководот за наводнување на земјоделсктие површини. И таа констатација не ви е точна.

Околу правата за пензионирање, претходниот Парламент донесе одлука Валдата да продолжи уште две години да важи стариот Закон според кој можеше да се заминува во пензија по основ на работен стаж. Немојте сега да искривувате дкеа само вие кога сте се е убаво, а вие не сакате дури на дневен ред да го ставите, а луѓето имаат материјални проблеми. За еден ден работен стаж не можат да остварат пензија. Мораат да чекаат уште 5 години. Значи не е вистина тоа што го зборувате.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Господинот Спасовски Оливер или Грковска Славица процедурално, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе имам забелешка на водењето на седницата од ваша страна.

**Бесим Догани:** Веќе не ја прифатив таа забелешка.

**Славица Грковска:** Заради тоа што вие немате право да ја отфрлите уште пред да ја слушнете. Ве молам, да не употребувате двојни аршини кон пратениците од различни пратенички групи. Без разлика што станува збор за реплика, пратеникот од парламентарното мнозинство изнесуваше работи кои воопшто не се содржаа во мојот говор, а за сметка на тоа, пратениците од СДСМ кои се осврнуваат и даваат таква димензија на предложениот амандман ги прекинувате и сакате да им го одземете зборот.

Затоа ве молам и покрај тоа што станува збор за реплики, пратениците од парламентарното мнозинство немаат право да ги злоупотребуваат, исто како што вие немате право да ја злоупотребувате вашата позиција и да не ги прекинувате и опоменувате.

До колку давате такво право на пратениците од парламентарното мнозинство, тогаш треба да дозволите исто такво право и на пратениците од опозицијата. Затоа ве молам да го корегирате вашиот став во понатамошниот тек на седницата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска. Јас веќе за тоа се разбрав и со господинот Николов и со госпоѓа Филипова. Ова беше екстра укажано.

Што се однесува до мојата работа, јас вака знам да работам. За неделовничко работење вие имате право на интерпелација, имате право на други барања. За тоа повелете, тоа добро знаете да го правите и ве повикувам да го направите тоа.

Сега, продолжуваме понатаму.

Има збор Оливер Спасовски, повелете.

(Реакција од пратениците)

Господине Оливер Спасовски ќе повелете или не?

(Реакциите продолжуваат).

**Оливер Спасовски:** Чекам да ме вклучите.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колеги пратеници, почитуван министре,

Ова е едно од прашањата што навистина заслучува внимание и оваа дебата што ја водиме во Собранието денеска и пред македонската јавност не е ниту малку за потценување. Не е дебата што треба да изостане за што побрзо да помине законот во собраниската процедура, без при тоа да ги изнесеме сопствените аргументи ифакти токму во смисла на поддршка на овој амандман, што навистина очекувам дека ќе биде прифатен од страна на Владата или барем ќе бидат понудени аргументи што би биле силни аргументи заради кои што Владата не го прифаќа.

Еден од аргументите за неприфаќање на ваквиот амандман би бил, ако добив некој предлог на закон за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување , со што Владата ќе не убедеше дека го решиле во некој друг системски закон, меѓутоа постојано аргументите што ги изнесуваат претставниците на Владата во ова Собрание е дека во иднина ова ќе направиме, ќе поднесеме ваков закон, ќе им помогнеме на земјоделците и т.н. и сето тоа во идно време.

Мислам дека работите во Република Македонија треба да ги решаваме моментално ако сакаме да имаме подобрување на состојбите, пред се подобрување на состојбите во земјоделството.

Заради тоа што сите политички партии и пратеници во Собранието и министри, истакнуваат дека една од гранките која што нуди најголема перспектива во Република Македонија е земјоделието, која што доволно не е развиено, а има услови тоа да го правиме во овој период, е токму развојот на земјоделството, а со тоа зголемување на вработеноста во тој дел. Меѓутоа, овој е амандман исто толку значаен како амандманот кој што беше поднесен и при говорење за Законот за регионален развој. Тоа што тогаш беше направено од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во овој момент, значи укинувањето на Пензиско и инвалидско осигурување за сите луѓе кои што живеат во стопански недоволно развиени подрачја, тогаш не можевме да се убедиме ниту со Владата ниту со парламентарното мнозинство дека се прави грешка и дека не е во функција на унапредувањето на овие подрачја. Сега исто така, со неприфаќањето на овој амандман се укажува на ставот на Владата дека се носат пред се, мерки кои што се од пропагандистички аспект, оние кои што добро можат да се презентираат на прес конференции, или кои што лесно влегуваат во увото на граѓанинот, меѓутоа со слаби ефекти. Такви ефекти имавме досега при многубројни мерки. Една од мерките е намалувањето на ДДВ за земјоделците и за тие субвенции кои што се говорат во временски детерминирани, кога се даваат, мислам дека се обезвреднуваат итн, меѓутоа, тоа е тема за која што и ние ќе разговараме, а ефектите ќе ги чуствуваат граѓаните кои ќе го дадат спостениот суд таму каде што треба да го дадат.

Мислам дека овој амандман во кој што предвидуваме земјоделците да можат да остварат право на пензионирање со возраст од 60 години е токму една од мерките за развој на земјоделието, на поттикнувањето на луѓе кои би се занимавале со оваа гранка во Република Македонија, покрај другите мерки кои што би значеле подршка во регистрирањето на земјоделци, повеќе во Република Македонија и со тоа да се создадат услови и за вработување во овој сегмент на примерно земјоделско производство.

Меѓутоа, не знам зошто, ги чув аргументите зошто во Предлогот за донесување на закон, кој што беше доставен во Собранието на 23 мај 2007 година, како една од мерките, покрај помош за млади земјоделци, беше и мерката за предвремено пензионирање, или порано пензионирање вообичаеното, а сега во овој закон кој што ни е доставен на 02.10 како Предлог закон, оваа мерка се брише од одредбата на членот 29 и не се нуди при тоа реков, соодветно образложение, или аргумент пред пратениците во Собранието на Република Македонија.

Токму заради тоа сметам дека прифаќањето на овој амандман од страна на Собранието на Република Македонија на пратениците пред се, од парламентарното мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ ќе направиме крупен исчекор напред кон подршка на овој сегмент од развојот на земјоделството на Република Македонија и ќе направиме конкретен придонес кон реализација на една таква цел, заради тоа што навистина, решението кое што сега е предвидено со законот за Пензиско и инвалидско осигурување на 64 години да биде пензиониран еден земјоделец не е соодветно спрема условите во кои што работи еден земјоделец во Република Македонија и мора да се најдат механизми како и на кој начин овие луѓе да ги заштитиме и како да си остварат право на пензија достоинствена според она што го одработиле во својот работен век.

Токму заради тоа, мислам дека мораме да имаме малку поголема одговорност пред граѓаните на Република Македонија конечно да направиме еден добра исчекор кон тоа што како една од мерките за развој на земјоделството е и зголемувањето на вработувањето, подобрувањето на квалитетот на живот во руралните подрачја да ја ставиме и оваа мерка со која што ќе се пензионираат луѓето со 60 години.

Инаку, со постоечкото решение кое што е во законот, не можеме никако да објасниме, ниту Владата, меѓутоа, најмногу вие, народните избраници во Република Македонија дека сме застанале во одбрана на интересите на граѓаните, заради тоа што со гласање во донесувањето на Законот за регионален развој, кажавме дека нема потреба од плаќање на Пензиско и инвалидско осигурување во стопанско недоволно развиените подрачја. Ја укинавме таа мерка како привилегија која што ја имаа овие луѓе и на тој начин се правеше еден стимул кон заживување на овие средини, или задржување на срединитe на стопанско недоволно развиените подрачја, а сега кажуваме дека декларативно сме за развој на земјоделието и на руралните подрачја, зголемување на вработеност итн, со тоа што би се регистрирале луѓето како земјоделци, меѓутоа, никаква конкретна мерка не можеме да покажеме, дека сме донеле еден ваков закон.

Мислам дека ставот на Владата за мене е прифатлив. Тој е таков каков што го искажуваат со носење на нивните одлуки, за неколку месеци две различни одлуки, меѓутоа, тоа е став на Владата и за тоа треба некој друг да брани на некое друго место веројатно. Меѓутоа, на Парламентот навистина му останува до крај да ги браниме интересите на граѓаните, пред се, оваа категорија на граѓани, може со сигурност да се каже дека е најзапоставена гранка во сите овие 17 години и не гледам ниту една мерка што правиме нешто плус во развој на земјоделието, или во подршка на поголемо вработување во руралните подрачја и нивен развој. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрам.

Има збор пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Колеги пратеници, јас навистина ќе се потрудам да бидам кратка, меѓутоа со оглед на фактот дека дискусијата околу амандманот малку го изгуби текот би сакала да кажам неколку работи. Јас навистина ја почитувам интенцијата и размислувањето на колегите поднесувачи на амандманот дека треба да се размисли за решение, земјоделците да се пензионираат порано отколку што се предвидува во Законот за Пензиско и инвалидско осигурување и јас тоа го подржувам. Меѓутоа амандманот вака како што е предложен е неприфатлив, апсолутно од две причини.

Прво, не може да се предвиди да се пензионираат на 60 години и мажите и жените земјоделци, бидејќи основниот Закон за Пензиско и инвалидско осигурување предвидува различна старосна граница за пензионирање на жени и различно за мажи. Значи, доколку предвидуваме такви услови треба да водиме сметка дека старосната граница кај мажите и кај жените е секогаш различна. Тоа е една работа.

Втората работа е што во овој закон не може оваа одредба да биде ставена, бидејќи со овој закон се уредуваат планирање, политика итн. Значи, за земјоделски и рурален развој, а условите за пензионирање се предвидвидуваат во Законот за Пензиско и инвалидско осигурување во кој што има посебна глава, во кој се уредуваат посебните категории на работници, како и посебните услови за пензионирање на одредени категории на работници. Значи, надвор од таа глава, надвор од тој закон, не може во друг закон да се уредуваат услови за пензионирање. Јас ја разбирам интенцијата, ја подржувам, меѓутоа, дајте колеги да предложиме измени на Законот за Пензиско и инвалидско осигурување токму во оваа глава за која јас зборувам и таму да предвидиме кои се старосните граници до кои што земјоделците би можеле и мажи и жени ефективно да работат, а кога е критичната точка поради физичките напори и време траењето и темпото на земјоделската работа, до кога тие ефективно можат да работат, законодавецот треба да процени кога тие би можеле да одат во заслужена пензија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Спасовски Оливер, повлете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе,

Навистина, благодарам за подршката на колешката Лалчевска за овој амандман. Кажавме зошто и која е целта на поднесување на ваквиот амандман. Меѓутоа, сите забелешки кои што ги истакнавте дека не треба да се направи во овој закон, или дека тоа треба да се направи во Законот за Пензиско и инвалидско осигурување, исто го кажав и јас и моите колеги од СДСМ. Меѓутоа, ако искажеме добра политичка волја од страна на Собранието на Република Македонија, не треба ништо ново да направиме. Да го вратиме решението во Предлогот за донесување на законот кој што беше доставен на 23 мај оваа година, каде што една од мерките помош за младите земјоделци стои и рано пенизионирање на земјоделците. Со тоа ќе дадеме јасна политичка волја од страна на Парламентот дека е потребно интервенција во Законот за Пензиско и инвалидско осигурување и на тој начин таму да ги доуредиме работите во смисла на порано пензионирање на земјоделците.

Инаку, не ми е јасно навистина зошто сега се брише само еден дел од таа алинеја од членот 29, што беше во Предлогот за донесување на закон и се остава без една таква обврска од страна на Собранието, или од страна на Владата навистина да се пристапи кон измена на Законот за Пензиско и инвалидско осигурување. Ако стои на таков начин ние тогаш тоа би го прифатиле дека покрај помошта за младите земјоделци треба да стои и раното пензионирање, како една од мерките. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контрареплика пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Колега Спасовски, ние не сме се разбрале само во една работа. Јас реков овој амандман не може да се подржи, затоа што местото не му е тука од причините што ги наведов. А јас ја подржувам интенцијата и велам дека да, земјоделците да се пензионираат порано. Еве, повикувам јас и вие да изготвиме еден предлог за измени и дополнувања на Законот за Пензиско и инвалидско осигурување и да предвидиме кога и како под кои услови можат порано да се пензионираат земјоделците. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикува колегите пратеници да влезат во салата ќе пристапиме на гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 9, воздржани 3, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 за менување на став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве и овој амандман министерот го одби, односно не го прифати амандманот, кој се однесуваше за развој на туризмот во руралните подрачја.

Значи, кога централата треба да одлучува, односно да дава средства кои што ги добива локалната самоуправа, а тие средства припаѓаат на локалната самоуправа тогаш, власта, односно централата дава некои проценти многу мали, односно 3%. Тоа е за ДДВ.

И покрај тоа што во членот 30 се предвидуваат мерки за рурален развој меѓу кои и развој на туризмот во руралните подрачја, овде финансирањото значи е дадено во овој член дека треба да го врши локалната самоуправа. Еве и овој амандман јас и колегите пратеници од СДСМ го поднесовме со цел не да одредени проекти односно за развој на туризмот во општините го финансира или се финансира од Буџетот на Република Македонија, туку еве овој став од член 30 алинеа 2 за развој на туризмот во овие подрачја го даваме овој амандман со кој имаме финансирање 50:50. Значи, бараме за такви проекти односно за развој на туризмот во овие рурални подрачја да се финансира 50:50. Значи, 50% од Буџетот, 50% од локалната самоуправа. Како што реков на почетокот, централата кога треба да врати, ние пратениците од опозицијата или од СДСМ и во неколку наврати кога зборуваме за локалната самоуправа во претходниот период баравме покачување на одредени ставки кои што ги следува општината од вкупно собраните даночни средства односно поконкретно би кажал за ДДВ и некои други даноци кои враќаат само 3%. Ние секогаш сме се бореле и сме барале нешто повеќе за општината. Досега не наидовме на разбирање со Владата односно со парламентарното мнозинство, но еве и овој амандман, значи, како што сме се бореле во претходниот период за локалната самоуправа, еве и со овој амандман бараме за развитокот на руралните подрачја односно на туризмот во овие подрачја да не биде финансирано целосно од општинта туку да учествува и Буџетот на Република Македонија со 50% и 50% локалната самоуправа. Како што знаеме, почитуван минстре можеби 5-6 години station наназад дел од општините доста изградија, доста доградија, реновираа, санираа одредени објекти и тоа со помош на невладини организации, на странски земји, преку нивните амбасади, па затоа за одредени проекти, ако проектот држи, ако е добар за развој на овие рурални подрачја за кои што се бориме и носиме специјален закон, треба да прифатиме еден дел од овие финансиски средства кои што требат за овие подрачја да ги одобриме односно да го прифатиме овој амандман. Јас околу амандманот толку и би апелирал до парламентарното мнозинство да го подржи овој амандман, затоа што со прифаќање на овој амандман сите во оваа сала придонесуваме за нашите општини од каде што доаѓаме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратенци, почитуван министер,

Амандманот кој што го поднесовме на овој член, се однесува на финансирањето на мерките кои ќе обезбедуваат развој на руралните подрачја, кои мора да бидат во согласност со актите што се предвидени во член 6 од овој закон, а тоа е Националната стратегија и сите други акти за спроведување на политиките за уредување на пазарите на земјоделски примарни и преработени производи и рурален развој, според предлогот тоа треба да го финансираат единиците на локална самоуправа.

Често пати до сега имаше ситуации во кои зависно од потребите и интересите што ги има Владата на Република Македонија, час укажуваат на потребата дека има можност и потреба да се финансира дел или да се помогне дел од единиците на локална самоуправа, во друг случај ќе ни каже дека тоа е обврска на локална самоуправа и тоа ќе мора сами да го одработат, а причините за донесувањето на овој закон за земјоделство и рурален развој и на Законот за регионален развој беа токму дека мора да направиме механизми со кои ќе го поттикнеме регионалниот и руралниот развој, а пред се како една од основните дејности на Република Македонија, на државата, со помош.

Заради тоа бараме овие средства да се обезбедуваат 50% од Буџетот на Република Македонија, а 50% од единиците на локалната самоуправа. Имајќи предвид зошто ова го зборувам, имајќи предвид дека како дел од актите што би биле за спроведување на политиките што ќе се утврдат во Националната стратегија која што е предвидена во членот 4 од овој закон, имајќи го предвид вашиот став кој што беше во однос на амандманот за формирањето на Советот за земјоделство и рурален развој каде што кажавте дека само еден од единиците на локална самоуправа е доволно да присуствува во овој совет, рековте дека примат би требало да имаат сите други институции во Република Македонија, а најмалку единиците на локална самоуправа. Таквиот став не ви го гледам во овој член. Барате сите средства да ги обезбеди единицата на локална самоуправа. Мислам дека тоа е неконзистентен став и ако браневте еден претходен амандман со тоа што кажувавте дека е доволно еден претставник на има од единиците на локална самоуправа, немате никакво морално право да барате 100% да ги финансираат буџетите на единиците на локална самоуправа, башка што ќе се соочиме со недостаток на средства во одредени единици на локална самоуправа во некои општини во овој момент.

Токму заради тоа, мислам дека требаше да биде прифатен овој амандман од ваша страна како искажување на добра волја прво од страна на Владата дека навистина сакате успешен рурален развој со тоа што ќе финансирате и вложувате во неговиот развој и второ, за да си ги одбраните аргументите кои што ги изнесовте во смисла на формирањето на советот за земјоделски развој заради тоа што како едно од основните задачи на овој совет ќе биде да дава мислење од областа на земјоделството, а особено за Националната стратегија и националните програми предложени по меѓународни прописи и други меѓународни договори кои ќе се спроведуваат со актите кои што се основа за овој развој.

Според тоа, господине министер мислам дека до крај треба да бидете конзистентен во сопствените ставови и овој амандман да биде прифатен со тоа што ќе овозможите државата да партиципира 50% со средства во руралниот развој. Инаку, сето друго што ќе го кажете во било кој момент како аргументација нема да држи заради тоа што не можете да имате различни ставови и различни аршини во текот на еден час од траењето на оваа седница. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

Би замолил да не ја извртуваме тезата. Во членот 30 пишува вака: “покрај другите мерки што се преземаат со акционите планови за развој на руралните средини што ги презема државата со средства од Буџетот, со средства од меѓународните фондиви и сите други донации”, оставаме можност во ставот 2 на членот 30, каде што велиме дека единиците на локалната самоуправа можат да спроведат, значи и самите единици можат, им даваме можност да можат да спроведат мерки за рурален развој кои мора да се во согласност со актите од член 6 на овој закон, поточно националната стратегија и средствата за мерките од став 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетите на единциите на локална самоуправа или други извори согласно законот. Значи, ние не ограничуваме, не лимитираме, туку само даваме можност и самата локална самоуправа да предложи одредени мерки согласно своите буџети, да ги реализираат тие мерки. Ние ништо не кратиме или не забрануваме - зошто 50:50, можеби некои проекти ќе ги работиме и со 99% од Буџетски средства, 1% од локалната самоуправа. Зошто бројки? Ние смо даваме можност и самата локална самоуправа да може да спроведува мерки за рурален развој и тоа е суштината на членот 30 став 2.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Олилвер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Немате аргументи господине министер, немате аргументи заради тоа што зависно од амандманот кој што е поднесен, зависно од членовите, вие така си ги толкувате, меѓутоа, јас читам она што пишува во Законот:”средствата од мерките во став 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетите на единиците на локална самоуправа”, а мерките ги усогласувате со Националната стратегија, истата таа национална стратегија за која мислење барате од само еден претставник на единиците на локална самоуправа. Не ви беше малку да биде само еден, туку не го прифативте амандманот со кој што баравме да има тројца претставници од единиците на локална самоуправа кои ќе ја градат таа Национална стратегија за развој на земјоделството и со кои ќе ги финансираат средствата за имплементација. Затоа ви велам дека имате двојни аршини, тоа не можете да го објасните, немате аргумент.

**Иван Анастасовски:** ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господин потпретседателе.

Дел од аргументите во насока на поддршка на нашиот амандман кажа мојот колега Оливер Спасовски и во интерес на времето само сакам да дообјаснам. Се работи за други мерки за рурален развој и е дадена можност во постојното решение единицата на локална самоуправа да спроведува мерки за рурален развој, кои мора да се во согласност со актите од член 6 на овој закон и сето ова сами да си го финансираат единиците на локалната самоуправа. А актите од член 6 на овој закон се акти кои произлегуваат од Националната стратегија, а кои се однесуваат на спроведување на политиките за уредување на пазарите на земјоделски примарни и преработени производи и рурален развој.

Сега да направиме една мала илустрација. Да речеме, општина Босилево или Василево како рурална општина сака да преземе мерки од членот 30 став 2 и сака да уреди пазари на земјоделски примарни и преработени производи. Но тие општини се слаби и немаат можност да си ги финансираат проектите, а имаат добра намера, имаат добар проект и затоа, за да не им остане добрата намера и добриот проект само на хартија, добро е државата 50% да го финансира ова, а 50% да го финансира единицата на локална самоуправа. Значи, за проектите зборувам.

Сега пак да се вратам. Ако е вака предвидено, тогаш повторно се поставува прашање зошто не ни беше прифатен амандманот кој се однесуваше на структурата на Советот за рурален развој, во кој предлагавме претставници и од единиците на локална самоуправа во зголемен број за да можат навистина да ја следат целокупната постапка во оваа сфера.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Ги замолувам уште еднаш колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласањето.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

**Иван Анастасовски:** Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници кои се присутни во салата, а колегите пратеници да седнат на своите места.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласањето.

Бидејќи во салата има 62 пратеници, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници во салата, гласале 57, 10 гласале за, нема воздржани, а 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник, господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Ќе бидам многу краток.

Почитуван министре,

Мислам дека овој амандман што го поднесовме немаше ништо да измени, туку само ќе го подобреше текстот на законот, односно членот 42, еве, ќе го прочитам и што баравме ние.

“За стекнување, остварување и заштита на ознаката за потекло и географска ознака на земјоделските производи се применуваат проипистите за индустриска сопственост”.

Ние, со овој амандман баравме да се додаде “кои се строго детерминирани со европската регулатива”. Ако сакаме да имаме правилно и сигурност кај производителите, ќе беше добро да го додадеме и ова што го имаме предложено во амандманот, бидејќи немаше ништо да измени од тоа што го имаме, туку ќе го подобреше.

Тоа што го баравме се однесува токму на европските регулативи, она што Европската унија го бара од нас за подобрување на еден квалитетен закон од сферата за унапредувањето на земјоделието и руралниот развој.

Не знам зошто овој амандман не го прифативте, иако мислев дека еден од неколкуте амандмани што ќе ги прифатите ќе биде токму и овој. Околу ова не би сакал повеќе да зборувам, мислам дека направивте грешка што не го прифативте, бидејќи само ќе го подобревме текстот. Но, вие сте тие кои го кажувате крајниот збор дали прифаќате или не прифаќате. Ако не сте тоа вие, еве, останува на парламентарното мнозинство да не подржат за овој амандман и да го изгласаме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 8, нема воздржани, 53 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 4, поднесен од пратниците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделие, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитувани колеги, почитуван потпретседател,

По исцрпувањето на амандманската расправа пред да гласаме за законот би сакал на кратко да кажам неколку зборови, со оглед на тоа што сепак се работи за многу важен и битен закон. Мислам дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство иако прифати дел од амандманите, сепак оние кои беа суштински и кои значително можеа да придонесат за подобрување на текстот на законот и законските решенија ги одби. Мислам дека со овој закон, сепак ќе има одредени проблеми или пропусти при неговото спроведување.

На кратко би сакал да се задржам на неколку од нив.

На пример...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ако може да се сослушаме.

**Марјанчо Николов:** ...Националата стратегија за развој на земјоделството и руралниот развој, овде беше предвидено да се донесе оваква стратегија, но при тоа во Република Македонија, со оглед на неколку законски решенија што веќе поминаа, ни се случува да носиме стратегии што во одреден дел, како надлежности ќе се поклопуваат едни со други.

Така, наскоро треба да ја видиме стратегијата за рамномерен регионален развој и развој на недоволно развиените подрачја и со тоа, на некој начин овие два закони се судираат во одреден дел од своите области што ги уредуваат. И мислам дека тука, во Законот за земјоделство и рурален развој или при изработката на Националната стратегија би сугерурал да се прават документите и стратегијата за рамномерен регионален развој и стратегијата за развој на земјоделието паралелно, да не може да има поклопување на областите или различни решенија што ќе се уредат со овие стратегии.

Многу е битно документите што ќе ги носиме, навистина да бидат усогласени, да не предизвикуваат различни толкувања или да не бидат спротивни при уредувањето на една иста област.

Би сакал исто така, со оглед дека е крај на расправата, малку да го прашам и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на кој начин се планира да се спроведе постапката за уредување за единственост на уредувањето на пазарот на земјоделски производи, со оглед на тоа што неколку министерства имаат надлежност над работата на овие земјоделски пазари. Дали ќе има поклопување на надлежностите? Тука има надлежности Управата за јавни приходи, Министерството за финансии, Министерството за здравство. Тука се наметнува и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и при тоа се предвидува дека главните акти околу начинот на кој што ќе се уредат пазарите на земјоделските производи ќе ги утврди министерот.

Дали министерот има можност или законски надлежности да носи вакви акти околу уредувањето на земјоделските пазари?

Целиот закон е направен така да во најголем дел актите што се однесуваат на уредување на одредени области во земјоделието ги носи министерот или Владата на предлог на Министерството. Сметам дека нема потреба од такво нешто и дека министерот или Министерството непотребно си даваат надлежности што се регулирани пошироко со други прописи. Сега, министерот, директно со некои подзаконски акти ќе мора да уредува некои области.

Во однос на мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој, би сакал да кажам дека во Законот се предвиени, навистина, обемни документи што треба земјоделците да ги поднесат за да можат да бидат корисници на помош од државата.

Сега, знаеме дека во однос на субвенциите, што Владата ги предвиде за оваа година во сите сектори на земјоделието, главната пречка да не се јават поголем број на земјоделци беше обемната документација или високите критериуми што беа наметнати од страна на Владата со што требаше да се конкурира за користење на овие средства.

Со овој закон на некој останува таа обврска, се наметнуваат многу, многу барања пред земјоделците и навистина мислам дека овој закон, во голема мерка, додека почне неговата примена, додека се организираат земјоделците не ќе можат сите да одговорат на барањата на овој закон.

Земете само во делот на утврдувањето на квалитетот и ознаки на земјоделските производи. Една група на активности што треба да ги направат земјоделците за да може да запазат стандарди за квалитет, да можат да стават ознаки на својот производ дека има одредени

стандарди, сето тоа доведува до прашање колкава ќе биде применливоста на овој закон во услови на сегашна развиеност на земјоделието.

Да биде работата уште покомплексна, исто и овде, околу мерките за квалитет и ознаки на земјоделските производи, подзаконските акти ги носи минстерот. Ниту е напишано дека тоа ќе биде во согласност со стандардите, со законските прописи на Република Македонија, на Европската унија кои важат за оваа област, за квалитет и ознаки, едноставно министерот има право да носи подзаконски акти, со што ќе предвидува кој е минималниот квалитет на земјоделските производи кои се земјоделски производи со повисок квалитет, кои се од органско потекло, кои се интегрални земјоделски производи или земјоделски производи со традиционална посебност.

Мислам дека господине министре ова е значаен пропуст на Законот и дека оставањето само на министерот да ги регулира овие области, без да се наведе во Законот дека мора да се почитуваат пропистите кои што важат во законите во Република Македонија за оваа област, или европските стандарди, навистина остава голема можност за субјективност од ваша страна. Затоа се доведува во прашање овој дел од применливоста на законот.

Знаеме дека земјоделците се доста сиромашни, дека не располагаат со доволно финансиски средства да спроведат голем дел од одредбите на овој закон. Дали да подготват документи за добивање на помош во земјоделието, дали да подготват документи со кои ќе се утврди квалитетот на нивните производи, дали да подготват документи со кои што ќе се регистрираат како здруженија на земјоделци. Сето тоа е еден обем на активности кои што земјоделците мислам дека во овој момент не може, или не се екипирани да можат да ги исполнат.

Праксата и досега покажа дека немаат доволно кадар да успеат да подготват документи да конкурираат за помошта. Многу малку од нив се јавија за да добиваат помош. Мислам дека главна пречка при спроведувањето на овој закон ќе биде тоа.

Рокот кој што сте го дале дека законот ќе се применува од 1 јануари 2008 година е многу краток. Ќе имате сериозни проблеми во тој дел и добро ќе беше ако вие како Влада, како владеачко мнозинство размислевте претходно да создадете предуслови за некои обуки кои што ќе течат да можат земјоделците да се оспособат да ги користат, или да ги исполнуваат прописите од овој закон. Навистина ќе се соочат со толку барања за да можат и да ги пласираат своите производи на домашниот пазар, а да не зборуваме за извоз кој што на ова ниво на развиеност освен некои поголеми фирми не можат да ги исполнат. Ниту земјоделци кои што се со помалку вработени, ниту земјоделци поединци. Тоа ќе биде сметам еден од најсериозните проблеми при спроведувањето на овој закон.

Ако кон ова се додаде и дека имаме други проблеми, јас не сум толку упатен во опременоста на лабароториите во Република Македонија околу способноста да издаваат сертификати за квалитетот на земјоделските производи, за нивниот состав дали е согласно со стандардите, дали имаме лиценцирана лабараторија за испитување на генетски модифицирани организми итн, итн. Значи, една група на прашања која останува многу отворена и која што ќе биде голема пречка за да може овој закон веднаш да се применува во праксата и повторно ќе имаме закон кој што ќе го имаме донесено, ќе ни се брои дека сме го донеле, но, при неговото спроведување навистина ќе ни се јават многу проблеми од страна на земјоделците да можат да ги исполнат сите овие критериуми и ќе се соочат со потребата да користат помош од правници, од економисти, од други стручни лица ако сакаат да се вклучат во системот на земјоделското производство.

Инаку, генерално мислам дека законот, идејата е добра. Дел од решенијата се добри, но навистина сметам дека министерот си превзема многу големи овластувања, дури и Владата, а дека пред земјоделците наметнуваат многу барања кои што треба да ги исполнат ако сакаат своите производи и да ги пласираат на пазарите, меѓутоа и да можат да конкурираат за добивање на помош од страна на државата.

За дел од мерките може да спориме и за нивната применливост, но бидејќи е направена некоја идеја и некој обид да се регулира дел од овие области мислам дека добро е да одиме понатаму, но предупредуваме дека во пракса ќе се соочите со реални проблеми за да го спроведите овој закон во многу аспекти.

Исто така, јавните услуги кои што предвидувате да се даваат. И тука е дискутабилно дали имаме ние такви институции во Република Македонија, кои што можат да ги нудат сите овие јавни услуги како би можеле земјоделците да ги користат истите. Во делот на надоместоците кои што ќе бидат предвидени за користење на овие јавни услуги би сугерирал да бидат што пониски надоместоците. Државата тука да субвенционира голем дел од цената, бидејќи добивањето на тие сертификати преку овие институти навистина ќе биде клучно прашање за да можат земјоделците понатаму да се бават со својата дејност.

Значи, сметаме дека законот нуди одредени решенија, но кога ќе дојде време од 1 јануари 2008 година истиот да се спроведува Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, земјоделците во Република Македонија се уште нема да бидат способни истиот да го спроведат во праксата и пред се земјоделците ќе се соочат со многу, многу проблеми доколку сакаат да работат согласно овој закон. Ќе мора Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство да

вложи значителни напори, да им помогне на сите земјоделци, да им овозможи да се регистрираат, да се приспособат во својот начин на работа на овој закон. Во спротивно ќе имаме закон, ќе немаме негова практична примена на теренот, а веројатно тоа ќе се одрази и на можноста да користиме дел од европската помош за развој на земјоделието. Тука ќе бида главната работа. Ако ве испуштивме една година, барем за наредната што подобро да се спремиме, да ги подготвиме земјоделиците да можат и оваа помош да ја користат. Клучна е тука улогата на институциите на државата, на Владата, на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Апелирам во таа насока да вложите значителни напори како би можело на земјоделците да им олесните одредбите на овој закон да ги применат во пракса и со тоа навистина да почнат да личат на едни современи земјоделци, земјоделци кои што можат да конкурираат со земјоделците од опкружувањето и со земјоделците од Европската унија. При тоа Владата  траба да ја има клучната улога.

Помошта треба да се дели најтранспарентно без никакви дилеми дека има некакви злоупотреби и навистина Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе биде многу значаен орган, ќе биде многу важно при спроведувањето на овој закон.

Во таа смисла уште еднаш апелирам министре да вложите напори како би можеле земјоделците да ги оспособите одредбите од овој закон да можат што побрзо да ги применуваат и да предвидите, да се борите во Владата во Буџетот да ви обезбедат доволно средства како би можело земјоделците да функционираат по овој закон. Во спротивно ќе имате реални проблеми на терен и Република Македонија не ќе може да ги користи средствата од Европската унија, а веројатно тоа ќе биде и пречка да одиме понатаму во нашето интегрирање кон Европската унија.

Во таа насока јас ќе го подржам законот со забелешките кои што ги дадов дека ќе се јават значителни тешкотии при неговото спроведување во пракса, затоа што нивото на развој на земјоделието, начинот на неговото функционирање, начинот на кој што функционираат Владата и Министерството во овој момент не може да одговори на барањата од законот. Тука ќе има голем проблем во неговото спроведување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Овој Предлог закон кој што е фактички во втора фаза и по кој расправавме пред неколку месеци, минатиот пат кога беше во прва фаза имаше доста плодни дискусии по овој закон како од позицијата, така и од опозицијата. Имавме доста забелешки особено не од позицијата, од опозицијата, се извинувам, туку имаше доста забелешки и плодни дискусии од самите пратеници во првата фаза. Пред се тогаш внимателно ги следев дискусиите на пратеничката Лалчевска и Васко Шутаров, но иако од министерот тогаш беше кажано дека ќе се разгледаат сите, не само на пленарната седница, туку и на Комисијата за земјоделие овие сугестии, сите нови предлози кои што ги дадовме ние пратениците, сепак мислам дека од сето тоа нема ништо освен што денес министерот прифати во оваа сала неколку амандмани кои беа поднесени од пратениците од СДСМ.

Јас мислев дека сепак сериозно ќе се разгледаат сите дискусии кои што беа во првата фаза и мислев дека нешто ќе се прифати односно ќе се видоизмени текстот на законот, на овој Предлог закон, бидејќи така беше кажано дека ќе биде тоа прифатено. Односно, дел од овие дискусии ќе бидат внесени во текстот. Но, од сето тоа ништо, иако имаше доста плодни дискусии од нас и од колегите од позицијата. Но, без разлика на се тоа е тоа што го добивме.

Јас го имам разгледано целокупниот предлог на закон со сите членови и во прва и во втора фаза и да бидам искрен нема ништо измена, освен што има некаде исфрлено неколку реченици. Исто така, имавме поднесено еден амандман за финансирање од Буџетот на Република Македонија како за Советот за планирање на рурален развој, исто така и за општините кои што треба да се финансираат, со амандманот со кој баравме 50:50.

Но, без разлика што не е воопшто изменета првата во втората фаза со денешните прифаќања на трите амандмани од почитуваниот министер за земјоделие, шумарство и водостопанство како што кажа колегата Марјанчо Николов ние ќе го гласаме овој закон бидејќи е од голема важност за земјоделците во Република Македонија и општо за економскиот развиток на Република Македонија.

Или, како што милуваат некои стручњаци, колеги пратеници да кажат дека овој закон фактички е устав од обласа на земјоделието. Јас би дал една ретроспектива на овој Предлог на закон кој што е малку поодамна подржан за остварување на овој закон, на одредени проекти за кои што требаше до денес да дојде до изглсување на овој закон.

Значи, сите досегашни проекти што се ФАРЕ 99, 97, 2001, 2002, 2003, 2004, 2006 година, кои се однесуваа токму за овие фондови кои што допрва треба Македонија да ги добие односно парични средства кои што треба да ги добие од Европската унија кои што исклучиво ќе бидат во сферата на земјоделието, или како што знаеме, тоа министерот многу пати и на телевизија и овде го потенцира дека овие средства ќе бидат строго наменски за унапредување на земјоделиоето и за развој на руралните подрачја, затоа што ако не се паричните средства така наменети и правилно искористени, или ако бидат злоупотребени,

Македонија ќе плаќа големи пенали, бидејќи тоа не може да го толерира Европската унија која што ги дава парите за оваа сфера.

Јас во мојата дискусија по донесувањето на законот за агенција за финансирање на земјоделието и руралниот развој реков дека не сум задоволен од назначувањето на директорот на оваа агенција кој што самиот вработува во оваа агенција свои луѓе кои што вршат распределба на овие средства што ги добиваме од Европската унија. Јас не велам дека овие средства ќе бидат злоупотребени, но сепак не само моја забелешка, забелешка е на опозицијата е директорот да не го назначува министерот...

**Иван Анастасовски:** Колега, се извинувам, да се држиме до текстот бидејќи расправаме по текстот на закнот. Ве молам да се држиме до текстот. Продолжете.

**Ацо Киров:** Потпретседателе, јас зборувам по текстот на законот и само моментално излегов за Агенцијата за финансирање на земјоделието и руралниот развој. Јас ги имам добро прочитано двата закони и не знам зошто вие реагиравте.

Донесувањето на овој закон за земјоделие и рурален развој, на истиот му претходи донесување на безброј закони, од години понапред, до последните години, како што беше Законот за води, за водни заедници, за водостопанство, за шуми, ловство, за семенски и саден материјал, заштита на растенија итн, кои што закони ги имаме донесено и претходат на овој закон.

Затоа овде би сакал да потенцирам, би сакал да дадам на знаење на колегите пратеници и на министерот дека ние, како пратеници, без разлика од која страна сме, дали позиција или опозиција, сепак се залагаме овие закони да поминат во оваа собраниска сала, односно сите закони од сферата на земјоделието, а го имаат знакот на Европската унија ги донесовме. Тоа се 20-25 закони оваа година, иако јас, сега не е овде претседателот на Собранието, потпретседателе, би имал забелешка на некои од овие закони, што ги спомнав, а претходат на овој закон, дека се уште се во собраниска процедура и се уште не се...

Ако нема време јас ќе продолжам утре.

**Иван Анастасовски:** Затоа сакав, бидејќи е една минута до крајот на работното време, во тој случај, претпоставувам дискусијата ви е подолга, во тој случај бидејќи се согласувате да продолжите утре, ви се извинувам почитуван колега.

Денеска завршуваме со работата, продолжуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

Би благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)